# магазин за ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 68 страници

Година 2 Број 11

Јануари 2024 г.

Цена 150 ден.



**МЕГАИНТЕРВЈУ**

**Проф. д-р Христијан МИЦКОСКИ**
**Претседател на ВМРО-ДПМНЕ**

## "МАКЕДОНИЈА НЕ СЕ РАСКАЖУВА, МАКЕДОНИЈА МОРА ДА СЕ ДОЖИВЕЕ

**КОЛУМНА**

**Проф. д-р Аце МИЛЕНКОВСКИ**
**Ректор на Универзитетот Скопје**

**ТЕМА**

**Очекувања за 2024 година на политички и економски план**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

**Интервју со Ристо НИКОВСКИ**
**Амбасадор**

ISSN 2671-3934

www.magazinturizam.mk





Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Проф. д-р Христијан МИЦКОСКИ,** претседател на ВМРО-ДПМНЕ 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Како да ги задржиме младите во татковината?** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Аце МИЛЕНКОВСКИ,** ректор на Универзитетот Скопје 18



ТЕМА: **Очекувања за 2024 година на политички и економски план** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Александар ГЕОРГИЕВСКИ,** градоначалник на Општина Илинден 30



РЕПОРТАЖА: **ОХРИД – Традиција за чествување на големиот христијански празник Богојавление – Водици** 38



ДУРБИН: **Награда „Маж на годината“** 44



ИДНИНА: **Разговор со одбојкарот Иван АНДОНОВ** 48



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Ристо НИКОВСКИ,** амбсадор 54



КОМПАРАЦИЈА: **Скијачки центри во Македонија и во регионот** 60

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО СЕБЕ И МЕНУВАЈТЕ ГО СВЕТОТ!

*Ова е месец кога ги поставуваме новите цели, создаваме нови соништа и носиме нови одлуки. Најважни се малите чекори кон промената што ја посакуваме.*

*Живееме во турбулентни времиња кога зборот може да направи војна, но зборот може и да заврши војна. Светот се промени, политичкиот интерес превлада на штета на граѓаните.*

*Позната е изреката на Ганди, кој предлага да бидеме промената што сакаме да ја видиме во светот. Промените што сакаме да ги видиме, пред сѐ, да бидат промени во нас самите. Во нашите постапки, семејства, соседски односи, работното и деловното опкружување.*

*Сите се свесни дека промените треба да почнат од клучниот столб – образованието. Иднината во образованието подразбира промена, нови вештини и поттикнување на иновативноста. На младите генерации не им е потребно учење и меморирање факти, до нив лесно стигнуваат со помош на технологијата што им е постојано достапна, но затоа им е потребно да учат како да ја комбинираат технологијата со вештините за одгледување храна, како да управуваат со финансии, како да размислуваат претприемачки и како да пристапат кон решавање на општествените предизвици.*

*Ако сакаме подобра држава, треба да го смениме пристапот. Да учиме и да дадеме конструктивен предлог како да се решат проблемите.*

*Бидете свои, но и доволно храбри промените да ги започнете од себе, во својата куќа и во својот двор. Имајте успешна 2024!*

# МИЦКОСКИ: МАКЕДОНИЈА НЕ СЕ РАСКАЖУВА, МАКЕДОНИЈА МОРА ДА СЕ ДОЖИВЕЕ!

**Почнува битката за власт, но кој ќе ја добие веројатно ќе зависи од визијата која ја имаат политичарите. Сепак, едно е сигурно, граѓаните се во исчекување на подобро утро. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, ветува сосема поинаква иднина од онаа на сегашната власт. Тој, во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“, ексклузивно одговара на многу прашања. Покрај за политика и економија, Мицкоски открива и со какви чекори ќе ја подобрат економската состојба во земјата, а ќе ги вратат и младите.**

**Новата година носи и нови предизвици, но и неизвесност на политичката сцена. Граѓаните очекуваат промени бидејќи државата тапка во место, а џебот на обичниот човек се празни. Странски и капитални инвестиции има само на збор. Граѓаните се во очекување на подобро утро. Како лидер на најголемата партија, ветувате светла иднина во оваа изборна година. Господине Мицкоски, нè чекаат ли големи предизвици и промени во 2024?**

Државата минува низ тежок период. Сè повеќе граѓани се сиромашни. Околу 600 илјади наши сограѓани живеат во сиромаштија со само 150 денари на ден. Сè повеќе луѓе се незадоволни од функционирањето на системот кој нема одговори за основните потреби што се нормални за функционирањето на една држава. Кажете ми област во која нема огромни проблеми? Независно дали се работи за здравството, земјоделието, образованието, науката, младите, луѓето имаат сериозни забелешки за тоа каков е реалниот живот. И на ова ако ги додадете неказнетиот криминал и корупцијата што се широко распространети од највисоко до најниско ниво, ќе дојдете лесно до заклучокот дека државата тапка во место. Години и години поминавме во чекање да се случи нешто подобро. Тие на кои им прекипе и имаа можност за тоа, си заминаа од државата. Имаме иселување во фаза кога не сме членка

# МЕГАИНТЕРВЈУ
# ПРОФ. Д-Р ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ,
## претседател на ВМРО-ДПМНЕ



Мицкоски: „Единствен излез се избори каде може да се направат промени."
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*




**Мицкоски: „ВМРО-ДПМНЕ е европски ориентирана партија."**
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*

на ЕУ што е поголемо од иселувањето од оние послаби земји што пристапуваат во Европската Унија. Од друга страна, граѓаните овде се со право разочарани. Инфлацијата е галопирачка, скапиот живот придонесе сè повеќе луѓе да ја губат надежта за подобра иднина. И на сето ова мора да се стави крај. А единствениот излез се изборите, со нов избори може да се направат тие промени. Тука, клучна улога ќе имаат граѓаните, секој поединец што ќе мора да сфати дека од него зависи. Но, секој ќе треба и добро да ги препознае сите оние кои ја бараат неговата доверба за да ја злоупотребат повторно, оние добро познати инсталации на власта со задача да глумат опозиционери, но и нас, кои сакаме искрено и чесно да направиме промени што ќе донесат иднина, обнова и пристоен живот. Убеден сум дека следуваат промени и подобри работи за Македонија.

**Неодамна излеговте во јавноста со констатација дека постоењето техничка влада повеќе ѝ штети отколку што ѝ носи добро на земјата. Зошто? Дали не мислите дека во тој предизборен период ќе можете да ги видите одблиску работите, до каде е државата во повеќе сегменти и која е најслабата алка во системот?**

Мислам дека практиката досега покажала дека техничките влади како такви, досега биле неефикасни, конфликтни и извор на бројни проблеми. Паметите ли некоја реформа од која било техничка влада? Такво нешто нема. Токму поради овие причини побарав укинување на постоењето на техничката влада, затоа што премногу време и енергија ќе се потроши на меѓусебни конфликти. Тоа беше одбиено од власта. Постапките на премиерот потоа го открија мотивот за оваа негова одлука. Впрочем, техничката влада постои само за да се реализира договорот на власта, а тоа е Џафери од ДУИ да биде

премиер. Ваквиот технички премиер нема да добие поддршка од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што е сосема нелегитимно да ја води државата човекот кој доаѓа од една од најголемите структури обвинети за криминал и корупција. Тоа е последица, пред сè, на слабоста на СДСМ, која дејствува како малцински партнер во Владата и постои за да ги поддржува одлуките на ДУИ. Основната задача на техничката влада ќе биде да ја загарантира волјата на граѓаните. Тоа што власта го проблематизира составот на техничката влада и со политикантски чекори најавува дека нема да ги гласа предлозите од ВМРО-ДПМНЕ, претставува само дефокус од вистинските прашања што ја засегаат јавноста, но и ги открива намерите за еден нефер однос и за загрозување на изборниот процес. ВМРО-ДПМНЕ нема да потклекне на ваквото несериозно однесување. Што се однесува до прашањето за слабостите што може да се очекуваат по формирањето на техничката влада, би рекол дека целата влада е огромна слабост. Ние добро ги знаеме проблемите, а по изборите ќе имаме сила за промени и за имплементација на решенијата што ќе ги понудиме.

**Што очекувате на следните избори? Ставовите на ВМРО-ДПМНЕ се главно критика упатена како кон СДСМ, така и кон ДУИ. Дали сметате дека може една партија во земјава да биде на власт без „интегративците“?**

Да, време е ДУИ да отиде во опозиција, што всушност е и моја интенција, но сето тоа зависи од волјата на граѓаните. Колку ќе бидат силни промените, зависи од тоа колкава ќе биде поддршката. Затоа е важно што повеќе луѓе да излезат и да гласаат, да ја поддржат опозицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, за да не зависиме од уцените од останатите партии и за да има обнова, но и одговорност за оние кои ги кршат законите. Само на тој начин би се создал ред. Знаеме дека ДУИ над дваесет години е власт и дел од сите афери, од сите неуспеси и порази на оваа држава и, практично, не смее да се амнестира за ваквото однесување.

**Сметате дека прашањата за економијата се поважни во моментов отколку тие за евроинтеграцијата на Македонија. Песимизам владее меѓу народот бидејќи животот во земјата станува сè поскап. Цените растат, платите одвај малку се зголемуваат. Минатата 2023 година ја одбележаа голем број протести на улиците. Администрацијата и пензионерите не ги добија посакуваните повисоки примања. Дали имате план како да се намали јазот помеѓу големите трошоци и ниските примања?**

Најглавната задача на владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде економска обнова и борба за повисок животен стандард на граѓаните. За таа цел, мора да се влијае на зголемувањето на економската моќ на граѓаните, мора да се работи на повисоки примања. Она што сега им го прави власта на пензионерите е недостоинствено, а тие најдобро ги чувствуваат последиците од лошото владеење и од падот на економијата. Во периодот од 2017 до 2023 година растот на БДП на жител во Македонија е само 20%, кај сите други држави од регионот е 50%, а некаде и над тоа. Додека Македонија има раст од 20%, во Србија растот е 50%. За истиот период, во Бугарија БДП на жител се зголемил 64%. Во Албанија, во периодот од 2017 до 2022 година БДП на жител пораснал 52%. Власта лажеше дека инфлацијата е увезена, а сведоци сме дека имаме 50% поголема инфлација од еврозоната.

По промената на власта, најмногу ќе работиме во делот на економијата и планираме сериозно да интервенираме во данокот на добивка и тоа за секоја компанија, без разлика дали е домашна или странска. Можеби, компанија што ќе дојде од Европа и од светот, која својот профитен центар или седиште ќе го донесе во Македонија,

за деклариран профит до 20 милиони евра, данокот ќе остане ист, 10%, нормално, ако е реинвестиран 0%. Ако пријави профит околу 20 и 30 милиони евра, данокот ќе биде 8%, од 30 до 50 милиони евра ќе биде 6%, а над 50 милиони евра данокот ќе биде 5%, со што Македонија ќе се профилира како држава со најнизок данок на профит. За пензионерите ќе ги зголемиме пензиите линеарно за 5.000 денари. Ветуваме дека ќе го вратиме достоинството на оваа категорија на граѓани и ќе се бориме секој граѓанин да има повисоки примања.

**Странските компании ги нема, а капиталните инвестиции тапкаат во место. Што ја движи економијата во моментов? Знаеме дека најголем дел од компаниите регистрирани во земјата се микро и мали, а и тие се затвораат. Од каде „црпи“ државниот буџет пари?**

Економијата се движи по инерција. Фирмите живеат на кредити. Практично, она поради кое што се опстојува во овие тешки времиња е, меѓу другото, и последица на компаниите и инвестициите што ги привлече Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Тие ги одржуваат извозот и вработеноста. Инаку, статистиката е немилосрдна. И во 2022 година, во врска со странските инвестиции, нетото во Македонија изнесуваше 5% од БДП, а во Црна Гора беше 13,5%, во Србија 7%, во Албанија 6%, Косово 6,5% итн. Македонија во 2020 успеала да привлече околу 239 милиони евра, Косово повеќе од 341 милион евра, Албанија успеала да привлече околу 933 милиони евра, а соседна Србија успеала да привлече над три милијарди евра странски директни инвестиции. Ова покажува дека во 2020 година Македонија успеала да привлече само 1,9% од БДП како странски директни инвестиции, додека Косово 4%, Србија 4,8% од БДП, Албанија 5,7% од БДП. Катастрофалната состојба продолжува и во 2021 година. Заклучно со месец септември 2021 година, Македонија има прилив на странски директни инвестиции за околу 285 милиони евра, Косово има околу 493 милиони евра, Албанија има околу 711 милиони евра, а Србија има над 2,9 милијарди евра прилив од странски директи инвестиции. Угледниот британски весник „Фајненшл тајмс‘, каде што се мери индексот за успешност на странски директни инвестиции на секоја земја во светот, сега ја нема рангирано Македонија ни во првите 50 места, додека во 2016  беше на високото 3. место. Економијата денес е на најниски гранки досега и последователно на тоа, бизнисот е тежок.

**Евроинтеграцијата се чини дека е најважната тема за оваа власт, која ги исполнува желбите на Европа. Но, додека очите се вперени во надворешната политика, корупцијата на големо владее. Судството неколку пати е споменато, но и нотирано во последниот Извештај како најслаба алка во нашиот систем. Бугарија, навидум, бараше само да се изгласаат уставните измени, но сега најави дека ќе има и нови барања. Се чини дека е лавиринтот многу заплеткан, па ние никако да излеземе од него. Дали гледате светла точка на крајот од тунелот? И како, ако дојдете на власт, ќе успеете ли да ја отплеткате оваа ситуација за да стане Македонија дел од Европската Унија?**

ВМРО-ДПМНЕ е европски ориентирана партија. Во своите постулати ја имаме прозападната ориентација. И тоа за секој член и познавач на состојбите во ВМРО-ДПМНЕ е совршено јасно. Проблемот е што, од друга страна, и покрај сите отстапки што ги направи државава во изминатите години, ние сè уште сме во чекалницата на ЕУ, и токму поради таквата непринципиелна политика кон Македонија, расте и евроскептицизмот. И мора да се каже дека е исто толку непринципиелно она што се случува во последниот период со спорот со Бугарија. Европските политичари се чини дека играат еднострано на страната на Бугарија. Но, причините зошто е тоа така, мора да се бараат и во попустливоста на домашната власт,

која преку прифаќање на сите ултиматуми, сака да ја одоброволи западната политичка сцена, за да се прогледуваат низ прсти сите криминали и сета корупција што се случуваат во нашата држава. Немојте никако да мислите дека Унијата, ако сака, не може и утре да отпочне преговори со Македонија! Па, видете го случајот со Украина, која е завојувана држава, а почнува преговори со ЕУ. Од друга страна, оваа Влада ја нема завршено ниту домашната задача на реформи. По смена на власта, ќе отпочнеме сериозни разговори за надминување на сите пречки на патот кон ЕУ, но нема да правиме отстапки на штета на државата и на македонскиот народ. Ние ќе се бориме на рамноправна основа да го решиме ова прашање и да се придвижи државата кон ЕУ, што секако е наша стратешка цел.

**Чувството меѓу народот е дека мирот и правдата се изгубија, се појави страв и трепет кај народот, особено по низата скандали кои ја одбележаа минатата година. Случајот „Онкологија“ беше прв во низата, а во очи на Министерскиот самит на ОБСЕ, кога земјата беше под најголема безбедност, се случи двојно убиство, на младата Вања и на велешанецот Панче. Граѓаните беа вознемирени и потресени. Излеговте во јавноста со тврдења дека постоел начин да се спречи криминалната група. Колку е Македонецот безбеден во својата земја?**

Не е безбеден затоа што власта печали од несреќата на луѓето. За Онкологија, по таков грозоморен скандал и афера, нема ниту официјална истрага, туку сè заврши со предистрагата. Ароганцијата на институциите во постапувањето во случајот со Палевски, но и стимулирањето негови јавни настапи и неговото неказнување, а зад што седи директно власта, претставуваат последица на употреба на инструментите поради кои многу луѓе велат „доста беше“ и разочарани си заминуваат. За кој скандал имаше правна разрешница? Компанијата „Дурмо турс“ во чиј автобус настрадаа човечки животи кај Ласкарци, знаете дека сè уште работи, затоа што нејзините сопственици се блиски до партија на власта. До кога голобради момчиња ќе стануваа сопственици на трговски центри како „Соравија“, за кои е очигледно дека имаат врз себе повеќе од оправдани сомневања за криминал? Криминалот со оваа власт е исплатлив. Затоа мора да има промени, а потоа и одговорност за секој еден од овие случаи, но и за многу



**Мицкоски: „Преку стратегија во три чекори, ќе ги вратиме младите назад во Македонија.“**
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*



МИЦКОСКИ: *Македонија е неодгатната и недоискажана приказна. Секоја педа од оваа наша преубава земја е покриена со знаменитости и природни убавини. Македонија има скапо платена слобода и уште поскапоцена историја, а многумина сакаат да ја присвојат. Во секој крај на државата се чувствувам како дома, било да е преубавата Малешевија или струмичката котлина, преубавата Беласица или Кожув. Историјата на еден Охрид и Битола, заедно со најживописните предели на западна Македонија и реканскиот крај, како и Маврово, сето тоа е дел од она што Македонија може да го понуди. Пред сите кои се заинтересирани им велам **„Македонија не се раскажува, Македонија мора да се доживее“**.*

други што останаа отворени изминатите години.

**Земјава во неколку истражувања наназад се најде на дното на листите за начинот на живот. Но, секоја зима се наоѓа на врвот по загадувањето. Локалната власт во најголем процент е во рацете на ВМРО-ДПМНЕ. Како партија, дали предлагате и мерки за намалување на аерозагадувањето?**

Загадувањето е централен проблем. Институциите кои може директно да помогнат се во рацете на владините институции. Се сеќавате ли на ветувањето за чист воздух? Седма година откако дојдоа на власт, ништо не променија. Не е коректно по доаѓањето на градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ, да се префрла топката во нивните раце. Секој напор за почист воздух треба да биде робусна акција на сите институции, но главната палка ја имаат Владата, министерствата и инспекторатите. Владата не го третира овој проблем, кој е сериозна закана по здравјето на граѓаните. По смена на власта, ќе имаме сеопфатна програма со која ќе се бориме против загадувањето.

**Иселувањето е сериозен проблем за светот и за нашата земја. Народот од Македонија заминува, пред сѐ, поради лошата економија, загадувањето, но најмногу поради нефункционалниот систем. Земјата се празни од квалитетен стручен кадар, кој сѐ помалку го има за домашните компании. Во следниот период, предизборен, граѓаните ќе сакаат да слушнат како да се задржат младите дома, а и да се вратат оние кои заминале. Каква стратегија имате како партија да се стопира иселувањето? И, најважно, како ги учите вашите деца?**

Не само што треба да ги вратиме луѓето, туку треба и да спречиме нови да заминуваат. Тоа ќе го направиме преку стратегија во три




**Мицкоски: „Македонија е не одгатната и недоискажана приказна.“**
*Извор: ВМРО-ДПМНЕ*



чекори. Првиот е подобрување на системот, што подразбира тој да биде ефикасен, да вреднува квалитет и способност. Вториот чекор е да создадеме услови за економски развој, силен стандард овде, дома во Македонија. Трето, да го сочуваме и да го зацврстиме идентитетот. Да обезбедиме почит за секој човек, да се престане со континуираната традиција на порази и колективни неуспеси.

Сигурен сум дека секој човек сака да си ја создава иднината таму каде што се неговите корени. Да покажеме дека Македонија може да биде убаво место за живеење.

**Македонија е мала земја, но полна со богатства. Голем број дипломати, инвеститори или само туристи имаат големи пофалби за националните богатства на земјата. Во што ја гледате Вие убавината на Вашата земја? Со какви зборови ја претставувате пред гостите од странство или пред граѓаните кога патувате во друга земја?**

Македонија е неодгатната и недоискажана приказна. Секоја педа од оваа наша преубава земја е покриена со знаменитости и природни убавини. Македонија има скапо платена слобода и уште поскапоцена историја, а многумина сакаат да ја присвојат. Во секој крај на државата се чувствувам како дома, било да е преубавата Малешевија или Струмичката Котлина, преубавата Беласица или Кожув. Историјата на еден Охрид и Битола, заедно со најживописните предели на Западна Македонија и Реканскиот крај, како и Маврово, сето тоа е дел од она што Македонија може да го понуди. На сите што се заинтересирани им велам ***„Македонија не се раскажува, Македонија мора да се доживее“***.

**Во честитката до граѓаните велите дека секој од нас пишувал честитка до своите најблиски. Вие напишавте честитка до граѓаните. Ветувате промени во оваа 2024 година. Од каде мислите дека треба да почнат промените за да се врати насмевката кај граѓаните?**

Промените и решеноста за победа започнува од секој еден човек и во одлуката да се излезе на овие избори. Јас во политиката не сум на привремена работа или заработка, туку јас и моите соработници сме тука да ги менуваме работите на подобро, да изградиме нешто на што чекаат генерации и генерации Македонци. Првиот чекор кон тоа е одлуката да се гласа на овие избори, а при тоа да се земе предвид дека не се сите исти. Има разлика.




*Извор: Ристе Камчев*

# КАКО ДА ГИ ЗАДРЖИМЕ МЛАДИТЕ ДОМА?

**Крајно време е младите во оваа држава да станат приоритет. Алармот веќе одамна е вклучен. Дали ќе понудат партиите предизборно реална програма во која младите ќе бидат приоритет?**

**„ВИКЕНДОВ 11 ИЛЈАДИ ПЕЧАЛБАРИ СИ ЗАМИНАЛЕ ОД ГОСТИВАР“.** Овој тажен наслов осамна во медиумите по новогодишните и завршувањето на божикните празници. Авторите на текстот, оваа бројка ја добиле по направените груби пресметки од заминатите автобуси, без да се земат предвид оние што можеби дошле и заминале со автомобили и авиони. Гостивар е само еден пример како масовно се празнат

# ОБРАЗОВАНИЕ



македонските градови. Меѓу оние граѓани кои заминале со автобусите, најголем дел се работоспособно население што се враќа назад на работа во западноевропските земји.

Најголем дел од населението кое си заминува од цела Македонија се млади луѓе, млади, а веќе истоштени од разурнатиот систем на државата. Наместо да чекаат подобри времиња во земјава, свесни дека можеби нема ништо да се промени, сфатиле дека во моментов сакаат да имаат подобра егзистенција, подобри услови за живот, еднакви шанси за сите, вработување според квалитет, а не според партиска или друга припадност, владеење на правото.

На тема демографија, поточно иселување на граѓаните од сопствената држава, потфрлија сите влади досега. Ниту една не успеа да го спречи ниту да го намали одливот на младите лица и на работоспособното население.

За ова, доказ се и поразителните статистички податоци. Пописните резултати укажуваат на многу јасен тренд на мигрирање на младите во изминатите 20 години.

Од 2002 до 2021 година, вкупниот број млади на возраст од 15 до 29 години е намален за 150.000. Во 2001 бројот на млади на возраст од 19 до 29 години бил 480.828 или 24% од вкупното население, додека во 2021 година тој број е 326.733 односно 18% од вкупниот број на населението.

Ваквиот тренд укажува на тоа дека населението во земјава старее.

Загрижува и добро познатиот тренд на заминување на младите, при што според пописот од 2021 година, околу 100.000 граѓани кои во 2002 година биле на возраст од 15 до 29 години, а денес би имале 29 до 35 години, не живеат во државата.

Досега сите изјави на владините претставници дека целта е да ги задржат младите дома се само декларативни. Во реалноста, многу тешко или речиси ништо не се менува. За ова сведочат и многуте примери на млади што студирале надвор од земјава, а кои сакале својот работен век да го продолжат во Македонија. Најчесто тие кои имале најмногу квалификации се одбивани на конкурсите од државните институции.

Иселувањето не може да се искорени во целост, но досега освен зборови и празни активности, нема ништо конкретно. Доказ






**Две третини од младите едвај чекаат шанса да си заминат бидејќи се незадоволни од образованието.**
*Извор: fokus.mk*



за тоа се и студиите од странски невладини организации, како на пример ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој), во која се посочува дека стапките на емиграција од регионот на Западен Балкан се зголемиле за десет отсто во последната деценија и дека Македонија е на врвот на листата по одлив на мозоци.

Во земјава во минатата година беше презентиран и документ посветен за младите, наречен **„Национална стратегија за млади 2023 – 2027“**, но прашање е дали ќе се имплементира и реализира или ќе остане само на хартија.

Анкетите покажуваат дека две третини од младите едвај чекаат можност да си заминат, бидејќи се незадоволни од образованието и не гледаат перспективи за развој. Едноставно, излезот за достоинствен живот го гледаат надвор од границите на земјата. Како главна причина се посочуваат незадоволството од квалитетот на образовниот систем и недостигот од практична настава. Младите сметаат дека ако се подобри квалитетот на образованието, може да се подобри и квалитетот на живот.

Исто така, бараат подобри можности за вработување и намалување на корупцијата, како во образовниот сектор, така и во цел административен апарат.

Овие со години наталожени проблеми не може да се решат ниту лесно ниту брзо. Треба да се започне со реформи во образованието, кои ќе можат да дадат резултат најрано за десетина години.

Дека промените и реформите треба да започнат токму од високото образование, постојано алармира и ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски. Според него, реформите во високото образование се неопходни, а за една ефикасна образовна реформа, потребна е исклучителна посветеност на Министерството за образование и на целата академска заедница, како и вклучување на сите високообразовни институции и главни актери во стопанството, во сите фази на креирањето и на спроведувањето на реформата.

**„Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на општеството. Но, какво е нашето? Дали е навистина реформирано**



Миленковски: „Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на општеството.“



**онака како што се вели? Зборот реформа, сосема спротивно на своето значење, во последно време стана синоним за брзи краткотрајни бесцелни промени, без да се навлегува во самата суштината на проблемот што треба да се решава. Ова е особено штетно за образовниот процес, зашто грешките што ги правиме при образованието на генерациите денес, стануваат видливи дури по неколку децении, кога тие генерации ќе станат носители на економскиот, политичкиот и на општествениот живот во државата. Затоа, секаде во светот на реформите во образованието им се пристапува со исклучителна внимателност, стратешки и плански, со градење широк консензус на сите општествени чинители за правецот и за целта на образовните промени. Кај нас, за жал, се однесуваме сосема спротивно од тоа што изгледа здраворазумно и од тоа што е практика надвор од границите на државата“**, истакнува Миленковски.

**„Експериментите што министрите ги правеа за брзи политички поени, од осамостојувањето на државата, па сè до денес, го доведоа образованието до ова дереце“**, констатира Миленковски.

**„Сведоци сме се дека се изработија голем број стратегии за образованието во земјава. Меѓутоа, ниедна не е прифатена од целокупната научна и образовна јавност, а уште помалку е доследно имплементирана. Зошто? Прво, затоа што во нивното креирање најчесто учествуваат парцијално одбрани луѓе што не се секогаш најповикани за изработка на државна стратегија за образованието. Второ, при спроведувањето на стратегиите, најчесто брзоплето преку проекти и без соодветно пилотирање на теренот, наставниот кадар не се подготвува соодветно за нив. Експериментите што министрите ги правеа за брзи политички поени, од осамостојувањето на државата, па сè до денес, го доведоа образованието до ова дереце. Тоа особено се однесува на високото образование, каде што сите решенија содржани во правните рамки се донесени набрзина, без концепт и без поткрепа во емпириските сознанија. Со други зборови, тоа се лоши потези**

**на носителите на тие промени. Во реформите во високото образование, клучно прашање треба да биде целосната имплементација на Болоњската декларација и усогласувањето на нашиот образовен систем со образовните системи на развиените земји во Европа и во светот. Кога велам целосно, мислам на примена на Болоњската декларација како европски стандард без импровизирање, лично толкување и примена. Недоследната примена на ЕКТС во високото образование доведе до наметнување на мислење кај јавноста дека ЕКТС не функционира добро. Па, ако не се применува како што треба, нормално е дека нема да ги даде очекуваните резултати. И замислете, во сите развиени држави тој одлично функционира и произведува квалитетни високообразовани кадри, а само кај нас не чини. Не е до системот, туку до нашето произволно толкување и недоследна примена на стандардите“**, констатира Миленковски.

Според Миленковски, првата работа што треба да се направи е да се донесе нов закон кој ќе биде позитивен во смисла на изедначување на македонското високо образование со европското, закон што ќе воспостави еднакви критериуми и рамноправен третман на сите приватни и државни високообразовни институции.

**„Многу политичари често пати знаат да се пофалат дека нивните деца студираат во Солун. Моите деца останаа во Македонија и се образуваа на Универзитетот Скопје. Да ги задржиме младите дома значи да ја сочуваме татковината, бидејќи децата се нашата иднина“**, истакнува ректорот Миленковски.

Крајно време е младите во оваа држава да станат приоритет. Алармот е веќе одамна вклучен. Младите заминуваат, училиштата се празнат и нема кој да работи. Во последните години, драстично е зголемен интересот за студирање на младите во странство, со цел тие да останат да работат во земјата во која го завршиле своето образование. Затоа, експертите апелираат дека покрај нова образовна политика, нужна е и демографска стратегија. За одливот на кадрите постојано алармира и стопанството. Оттаму велат дека состојбата станува неиздржлива и ако не се најде ефикасно решение, ќе биде погубно за домашната економија, која од ден на ден станува сè послаба.

Оваа година е и година на двојни избори, претседателски и парламентарни. Но, дали ќе креираат партиите конечно вистински и квалитетни проекти за младите, ќе се знае откако ќе ги презентираат своите изборни програми.

**Младите гледаат подобра иднина надвор од државата.**
*Извор: marketingmag.com*



THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

# Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# КОЛУМНА

**Пишува: проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје**





# ПРЕДИЗВИЦИ И ОЧЕКУВАЊА ВО 2024 ГОДИНА

На крајот на секоја година, за секого, особено за луѓето од бизнис-заедницата, нормално е да се направи ретроспектива на сето она што поминало, преглед на сите реализирани и нереализирани проекти, како добра основа за тоа што ќе следува и за она што може да се очекува во годината пред нас. Тој преглед е неопходен за да видиме до каде сме, каде би можеле да одиме и како би можеле да донесеме добри одлуки што ќе ни помогнат да ги надминеме сите неочекувани состојби и ризици во текот на следната година. Во контекст на тие анализи, слободно можам да кажам дека зад нас оставаме уште една турбулентна година исполнета со многубројни предизвици. Најважна задача за нас на Универзитетот Скопје беше стабилизирање на состојбите во периодот по пандемијата, справување со инфлацијата и одржување на курсот претставен во нашата мисија да создаваме, да спроведуваме и да одржуваме највисок квалитет во образованието.

Со гордост можам да кажам дека Универзитетот Скопје во континуитет, па и во 2023 година, на студентите им го дава сето потребно знаење и ги насочува кон вистинските приоритети, со што придонесува кон создавањето подобра иднина во татковината, а воедно и во оформувањето квалитетни кадри неопходни за новите научни и професионални барања на општеството и на бизнис-заедницата.

Универзитетот со кој раководам работи според методологија за стекнување знаења, вештини и компетенции што е синоним за највисоки стандарди и барања за квалитет, а која му обезбедува место во редот на универзитетите-лидери во Европа и во светот.

На тој начин се стремиме да обезбедиме усвојување на применливо знаење кај студентите, видливост на струката во општеството и меѓународна препознатливост. Со тоа можам да кажам дека моите оптимистички прогнози од годината што ја оставивме зад нас се оствариja, иако беше тешка и непредвидлива не само на економски, туку и на политички план. Беше напорна но мошне успешна година, со многу признанија и награди, какви што беа и климатските промени што ја одбележаа. Беше најтопла година, како ниту една друга досега.

Иако секое предвидување на иднината е многу неблагодарен и мошне ризичен чин, чин што зависи од многу променливи во актуелната политика, сепак моите очекувања за годината што е пред нас се темелат на економските и на политичките параметри поврзани со изминатата, но и со случувањата на глобален план, кои неминовно влијаат и на нас.

Во оваа, 2024 година централно место ќе заземат изборите во повеќе земји, со што ќе биде една од најзначајните години во историјата не само на домашната сцена, туку и во Европската Унија, САД и во Русија. Во околу 70 земји ќе се одржат национални избори, во САД претседателски, а во јуни граѓаните на 27 земји членки на ЕУ ќе гласаат на европските избори. Реални се очекувањата да надвладеат десничарските движење во Европскиот парламент, по што се очекуваат значителни промени кои би можеле да предизвикаат и геополитички шокови. 2024 година, освен во политиката, носи многу предизвици во речиси сите области од животот. Во годината пред нас се очекуваат




**Миленковски: „Со гордост можам да кажам дека Универзитетот Скопје во континуитет, па и во 2023 година им го даде на студентите сето потребно знаење и ги насочи кон вистинските приоритети, со што придонесува кон создавањето подобра иднина во татковината“.**

зголемување на бројот на конфликтите, хуманитарни кризи и прекршувања на човековите права, кои понатаму ќе предизвикаат бранови на раселување и ќе го намалат пристапот до приходи и до основни услуги за достоен живот за многу луѓе. Затоа, во услови на политички и на економски песимизам, потребна ни е способност за силна адаптација на новонастанатите услови и преиспитување на сопствените човечки вредности, концепти и начин на размислување.

Сепак, во приспособувањето кон новонастанатите состојби, лично гледам потенцијал за развој на нови вештини и знаења за развој на похумано и поодговорно општество. Тука некаде и на иста линија се и моите размислувања и очекувања во однос на нашата татковина. Република Македонија е една од земјите во кои оваа година ќе има двојни избори, парламентарни и претседателски. Македонскиот граѓанин во оваа, би рекол, клучна и историска година, со својот глас ќе го одреди курсот на нејзиното движење и ќе одлучи за нејзиниот опстанок. Сигурен сум дека по овие избори, не само Македонецот туку и Македонија ќе излезат како победници. Очекувам дека разумот кај секого ќе надвладее и дека излезноста ќе биде голема.

Несомнено, најголем приоритет со којшто треба и сакам да верувам дека ќе се занимава новата власт е најгорливото, прашање кое го девалвира и го понижува македонскиот граѓанин. Тоа е актуелната состојбата со промената на важечките лични документи. Владата во заминување која управува со институциите, исполнувајќи ги одредбите на Преспанскиот договор, не започна навреме со оваа обврска и до скоро издаваше документи со старото уставно име. Денес, македонскиот граѓанин без своја заслуга

и вина мора да ја поднесе тортурата која секојдневно ја гледаме и која дополнително финансиски го оптоварува неговиот и онака сиромашен домашен буџет. Уште пострашна е состојбата со илјадници граѓани кои биле принудени да заминат и да заработуваат надвор од својата татковина. На што ќе бидат изложени тие по 12 февруари? Во секоја нормална држава, овие промени треба да се платат од државниот буџет и документите да му се достават на граѓанинот на домашна адреса, секако со рок на важност од претходниот документ. На тој начин, ќе се избегне невидениот метеж, губење на драгоцено време, нервоза и омаловажување на даночните обврзници. Оние кои се избрани и презеле одговорност, наместо да им го олеснат животот, дополнително и безмилосно се изживуваат врз граѓаните.

Некако не можам а да не помислам дека ова не е толку наивна и случајна состојба. Невозможно е овој циркуз да не го предвиделе експертите кои работат во институциите и во владиниот кабинет. Се прашувам, а во исто време се надевам дека грешам, дали ова не е планирана предизборна конструкција која ќе влијае на резултатот на претседателските и на парламентарните избори. Затоа, велам дека овие избори, покрај тоа што се историски, претставуваат и пресвртница за целото општеството и последна шанса за опстанок на татковината.

Исто така, сигурен сум дека новата владејачка гарнитура по изборите ќе се зафати со сериозни системски промени поврзани со владеењето на правото и со развојот на економијата, ќе преземе мерки за ефикасна јавна администрација и за заштита на правата на секој граѓанин, неуморно ќе работи на унапредување на образованието, здравството и на културата или со една реченица, ќе му се посвети на просперитетот на државата.

Во тој контекст, морам да издвојам една работа, а тоа е неминовната потреба од промени на политичкиот систем, особено во однос на распределбата на моќта. Според мене, досегашниот парламентарен систем се покажа како неефикасен и изложен на злоупотреба од страна на владејачките гарнитури. Затоа, лично се залагам за воведување претседателски систем како механизам за заштита од политичка имплозија, за воспоставување рамнотежа помеѓу трите столба на демократијата. Денес, кога имаме нескриена политичка и економска криза, кога довербата на граѓаните во институциите е на најниско можно ниво, кога сиромаштијата се зголемува и кога претставниците на власт се целосно делегитимирани, со еден збор, кога целото општество е на работ на пропаст, уште еднаш ќе нагласам дека единствениот излез се демократски избори, по кои главен и основен приоритет на новите претставници на власта ќе им биде брзо и ефикасно оживување и заздравување на државата.

Убеден сум дека ова и ќе се случи. Тоа прво мора да започне на полето на здравството и на образованието. Уште од најраната возраст, кога сѐ уште не сме свесни за важноста на кое било прашање во нашиот живот, првото нешто на кое родителите и наставниците му посветувале внимание било да нѐ научат колку е важно да се биде писмен и образован, бидејќи само здрава и образувана личност е способна да придонесува и да биде двигател на сите општествени промени. Пристапот до квалитетно образование за секого е загарантирано и со закони, Уставот, Универзалната декларација за човековите права и со други меѓународни документи.

Сакам да бидам оптимист и за ова прашање што го тишти нашето општество, а кое е дел од мојата сфера на интерес, моето занимање и мојата кариера, на кои сум им посветен целиот мој живот. За жал, морам да укажам дека како никогаш досега имаме уништено образование, немотивиран наставен кадар, разочарани родители и незаинтересирани ученици. Мојот оптимизам, пред сѐ, се

однесува на подигнување на свеста за важноста на образованието како темел на општеството, но не како досега, кога ова приоритетно прашање секоја владејачка гарнитура го третираше на погрешен начин. Мојот оптимизам значи укинување на сите експериментални, набрзина и неквалитетно донесени и спроведени програми и решенија кои само го доуништуваа и онака еродираниот образовен систем. Очекувам и сигурен сум дека новата власт ќе се заземе за носење квалитетни закони за примарното, секундарното и за терцијалното образование. Закони и решенија што ќе обезбедат нашето образование да оспособува граѓани кои самостојно мислат, одговорно донесуваат одлуки, лесно соработуваат со другите и се способни самите да го планираат и да го градат својот натамошен развој, односно граѓани што ќе градат силно и модерно општество.

Сегашната лоша и поразителна состојба во македонското образование не може да се подобри без квалитетни закони, без стратегија, без повлекување на штетната Концепција за основно образование, без издржани наставни програми, без квалитетни учебници и наставници, без реално одвојување финансиски средства за образование, без неопходната дигитализација, без подобрување на условите за развој на науката, без неформалното образование и можностите за доквалификација и преквалификација како начин да се надмине постојниот јаз помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот.

Воспитно-образовните и наставно-научните процеси треба да бидат во корелација со новите научни откритија, новите технологии и облици на комуникации во процесот на глобализација, а сепак да се темелат на националните вредности, традицијата, културата и континуитетот. Постојано зборувам дека на македонското образование му треба целосен „ресет“, од високото, преку средното, до основното образование. Тие се тесно поврзани, особено во делот каде што универзитетското образование се однесува на образованието на наставникот. Оттаму, не само што мислам, туку убеден сум дека почитувањето на современите европски стандарди во образованието ќе биде во интерес и ќе биде приоритет на секоја владејачка гарнитура што ќе се устоличи по изборите. Тоа ќе биде тежок процес, но доколку од почеток не се постават работите во вистинската насока, тешко се поправаат грешките што подоцна следуваат. Не треба да бегаме од предизвикот, вистинските чекори секогаш се придружени со тешкотии.

Образованието по автоматизам е поврзано со младите, кои се најголемото богатство и најголемиот ресурс на секое општество. За жал, продолжува нивното традиционално заминувањето од татковината, и тој тренд од ден на ден расте. Според сите истражувања, Македонија зазема високо место по одливот на високообразовани млади луѓе во светот. За овој проблем и за барањето посветла иднина во странство, младите наведуваат сѐ повеќе причини. Ние како одговорно општество мора да најдеме начин да ги задржиме дома, да останат свои на своето. Во секоја пригода, на младите им порачувам да си ја сакаат оваа убава и мала држава, да си ја сакаат и да си ја почитуваат својата татковина бидејќи таа е една и единствена. За возврат, татковината, односно носителите на власта, треба и мора да им понудат перспектива за иднината, услови за здрав раст и развој, за образование и работа, поточно, услови за живот достоен за еден човек. Наместо апатија и изгубена надеж, потребно е враќање на довербата, подобрување на животниот стандард и перспективи за нормален живот. Нашите млади заслужуваат квалитетно високо образование што ќе им го трасира животниот пат, заслужуваат квалитетно знаење што ќе им овозможи успешна кариера на работните места, а тоа е наша должност. За да се спречи оваа бела чума, приоритети на ресорните



министерства треба да бидат спроведување мерки за вработување, самовработување, субвенционирање станбени кредити и, општо, подобрување на квалитетот на живеењето, но и создавање позитивна клима што ги истакнува предностите на животот во Македонија.

Младите ги гледаме и преку сферата на туризмот, односно туристичкиот раст и развој на севкупната туристичката дејност. Во тој контекст, во време на закрепнување на туризмот во глобални рамки, новата владејачка гарнитура треба да ѝ се посвети на реализацијата на првите три препораки на Светската туристичка организација при Обединетите нации и да обезбеди задолжителна државна помош за туристичкиот сектор. Пред сè, потребна е реална стратегија за развој на туризмот, значително инвестирање во инфраструктурата, плански подготвени маркетиншки потези и уште низа други мерки и решенија. За тоа е потребно вклучување на сите чинители во процесот, под водство и во ингеренции на едно ново министерство, министерство за туризам. Секако, ова министерство би имало приоритетна задача да ја усогласи домашната регулатива со регулативата на ЕУ од областа на туризмот преку следење на работата на Светската туристичка организација на Обединетите нации (UNWTO), како нејзина членка. Развојот на овој сектор ќе доведе до отворање нови работни места за младите покрај сите други и ќе отвори нови перспектива за останување во своето огниште. Сето ова за кое зборувам, мора, а со сигурност тврдам дека ќе го стави како приоритет новата транспарентна владејачка гарнитура по изборите, со што ќе ги ублажи последиците од годините на потрошени илузии и конечно, државата ќе напредува на патот кон ЕУ.

Миленковски: „На младите им порачувам да си ја сакаат оваа убава и мала држава, да си ја сакаат и да си ја почитуваат својата татковина бидејќи таа е една и единствена.“



ТЕМА

# 2024 ГОДИНА: ПРЕДИЗБОРНИ ВЕТУВАЊА И ПОПУЛИСТИЧКИ БУЏЕТ ЗА ДОБИВАЊЕ ГЛАСОВИ



Македонија влезе во 2024 година внимателно и со не толку големи очекувања на политички и економски план. Тоа е и разбирливо ако се знае дека во земјава годинава ќе се организираат двојни избори – парламентарни и претседателски. Како и при секој изборен циклус, очекувањата се дека барем двата квартала кои ќе им претходат на изборите, нема да донесат ништо ново или изненадувачки позитивно на економски план. Граѓаните ќе се изнагледаат политички циркус, кој веќе континуирано трае, но ќе ја доживее кулминацијата пред гласањето. Бизнисмените, пак, во изборна година се претпазливи со изјавите. Внимаваат како ја оценуваат работата на Владата и не даваат конкретни одговори за идните насоки во водењето на извршната власт, токму поради политичките превирања и неизвесноста кој ќе ја предводи идната влада, односно кој ќе биде главен фактор при креирањето на економските политики.



Талат Џафери ќе биде прв премиер Албанец во Македонија.

## ТУРБУЛЕНТНА ПОЛИТИЧКА ГОДИНА

Годинава сигурно ќе биде турбулентна на политички план. Политичката клима веќе е на тензично ниво. Партиите се позиционираат и кројат планови како да ја стекнат или задржат довербата кај населението со цел да добијат што е можно повеќе гласови оваа пролет.

Она што им претходи на изборните циклуси во Македонија е изборот на преодна техничка влада. Таа треба да биде избрана кон крајот на јануари. Пленарната седница за новата техничка влада се очекува да биде на 26 јануари. Претходно, претседателите на Владата и Собранието, Димитар Ковачевски и Талат Џафери ќе треба да си поднесат оставки од функциите за да може Џафери да го преземе премиерското место. Нов привремен претседател на Собранието ќе биде Јован Митрески, кој сега е координатор на пратеничката група на СДСМ. Изборите треба да бидат распишани на 14 или 15 февруари, а сè до април, Парламентот ќе работи во полн состав.

Двете партии ќе треба да ги соопштат имињата на нивните предлози во техничката влада. ВМРО-ДПМНЕ треба да ги одреди новите привремени министри за внатрешни работи, како и за труд и социјална политика, како и замениците онаму каде што им следуваат во техничката влада. СДСМ, пак, веќе соопшти дека Јована Тренчевска ќе биде дополнителен заменик-министер за труд, каде што сега е прв човек, додека дополнителен заменик-министер во МВР ќе биде Митко Бојмацалиев.

На неполни пет месеци до изборите партиите мерат и прават анкети за кандидатите носители на изборните листи за претстојните парламентарни избори. Се лицитира и со имиња за претседателски кандидати. Во првата изборна единица ќе се соочат лидерите на двете најголеми политички партии - Ковачевски и Мицкоски, а се очекува потпретседателите од двете партии да ги предводат листите во останатите изборни единици.




Митко Бојмацалиев ќе биде дополнителен заменик-министер во МВР.



Ќе се кандидира ли Пендаровски за втор мандат?



Гордана Силјановска Давкова повторно кандидат за претседател?



# УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОРИ СЕ НАЈВЕРОЈАТНИТЕ КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВАТА

На база на шпекулации се и имињата кои се најадекватни и најверојатни кандидати за претседател на државата.

Во опозициската ВМРО-ДПМНЕ се вртат гласини дека најистурен кандидат би можела да биде универзитетскиот професор Гордана Силјановска Давкова, но сепак партијата објави дека името на претседателскиот кандидат ќе го соопшти дури во втората половина од февруари.

И СДСМ е во потрага по идеален политички кандидат кој би бил иден шеф на државата. Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски веќе одамна е потенцијален кандидат, но во интервју за Гласот на Америка, не потврди, а не ни ја негираше својата желба за кандидатура. Друг евентуален кандидат е досегашниот претседател Стево Пендаровски, кој би можел да се бори за втор мандат.

ДУИ засега нема конкретен став дали партијата би учествувала со сопствен кандидат или ќе го поддржи кандидатот на СДСМ.

Турбулентно е и во албанската опозиција. Изет Меџити, лидерот на Европскиот сојуз за промени, ја потврди можната кандидатура на Руфи Османи, но најави разговори и со други кандидати. Уште еден поранешен градоначалник на Гостивар, Арбен Таравари е во центарот на разговорите на Гаши, Меџити и Касами за евентуален заеднички кандидат.

Без разлика на конечниот исход од изборните процеси, очекувањата на политички план се јасни. Новата Влада ќе има тешка задача да се бори со корупцијата. Тоа всушност цело време безуспешно го бараат и граѓаните и европската заедница.

***„ЕУ има многу јасен став што се однесува на владеењето на правото. Ние очекуваме владеењето на правото дословно да се почитува и во овој контекст ја цениме улогата на судството во вашата земја. Очекуваме судството да работи на професионален начин, да дејствува со интегритет и со целосна независност без никакво надворешно вмешување, дали е тоа вмешување од политичките партии или заради некои финансиски интереси“***, рече евроамбасадорот Дејвид Гир.


Ковачевски оптимист за економијата.

# ВЛАДАТА ОПТИМИСТ ЗА ЕКОНОМИЈАТА

Кога е во прашање економијата, Владата претпазливо, но и оптимистично најавува дека со рекордно најголемиот предизборен буџет годинава се обезбедиле повеќе пари за плати и пензии, но и за капитални инвестиции и стратешки проекти. Сепак, на стартот на годината ладен туш. Пропадна помпезно најавуваниот проект за изградба на хидроелектраната Чебрен. По 30-тина години неуспешни обиди за реализација се чинеше дека сега конечно ова ќе се реализира, но инвеститорот се откажа во последен момент. Владата најави дека поради изборите нема да има нов тендер, но и дека можеби ќе ги послуша барањата на експертската заедница да се најде начин државата сама да го финансира проектот.

Владините претставници најавија дека годинава инфлацијата ќе падне на некое прифатливо ниво, карактеристично за предпандемиските години.

***„Следната година да бидеме на ниво од 2,5 отсто и на исто толку годишен раст на БДП. Независно што следната година имаме претседателски и парламентарни избори, сметам дека треба умешно да ги искористиме месеците што ги имаме на располагање за да не направиме негативно влијание на економијата и да успееме да го вратиме реалниот живот на граѓаните“***, вели Вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи.

Народната банка сепак упатува на се уште присутните ризици врз евентуалниот пад на цените.

***„Очекувањата за следната година се дека стапката на инфлација дополнително ќе забави, сведувајќи се на 3,5 до четири отсто, потоа ќе се стабилизира околу долгорочниот просек од два отсто. Сепак, нагорните ризици околу инфлацијата сè уште постојат и се поврзани главно со цените на примарните производи и промените на регулираните цени, како и со политиките на побарувачката (расположливиот доход)“***, велат од Народната банка.

2023 година заврши со раст на економијата од околу 2 проценти, според податоците на Министерството за финансии и Народната банка на Северна Македонија.

***„Во 2024 година се очекува забрзување на економскиот раст во земјата и тој да изнесува 3,4 отсто, во услови на зголемување на инвестициите, раст на потрошувачката на солидно ниво и закрепнување на надворешната побарувачка“***, вели министерот за финансии Фатмир Бесими.




**Бизнисмените песимисти за иднината.**
*Извор: Ариљеметал*

## БИЗНИСМЕНИ: НЕ ОЧЕКУВАМЕ ЧУДА



Бизнисмените веќе во неколку наврати потенцираа дека не очекуваат чуда во предизборниот период. Како што наведоа, секогаш во 6-те месеци пред избори има стагнација, проектите тапкаат во место, па затоа и очекувањата им се на ниско ниво. Доказ за тоа се и поразителните резултати за надворешно-трговската размена на земјава во првите 11 месеци од 2023 година. Според нив, извозот од земјава кон Германија само од јули до ноември се намалил за над 15 проценти. Проблемите со кои се соочува нашиот најголем трговски партнер, допрва ќе се одразат негативно на македонската економија. Бизнисмените тврдат дека сакаат да се оптимисти, но во изборна година неизвесноста е смрт за инвестициските активности.

*„Јас постојано кажувам дека извозот треба да биде алфа и омега на нашата економија и тука државата мора повеќе да се ангажира и да даде поддршка. Понатаму, инфраструктурата. Без инфраструктура нема развој, нема нови инвестиции, нема нови вработувања и со тоа нема економски напредок. Понатаму, како држава се соочуваме со неквалитетен систем на образование, што предизвикува недостаток на квалификувана работна сила. И овој проблем станува сè повидлив со годините. Лично ме загрижува зашто не гледам дека државата нешто презема на тој план. Во нашиот систем ни недостасува и владеење на правото. Ни недостасуваат и сериозни мерки за сузбивање на*



**Германската економија во криза.**
*Извор: theweek.in*



Менди Ќура, претседател на Стопанската комора на Северозападна Македонија.
*Извор: СКСЗМ*

***сивата економија и дигитализација на услугите. Со еден збор, потребно ни е подобрување на бизнис-климата во целина“,*** вели претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија во новогодишното интервју за Вечер.

Од ССК очекуваат власта, без разлика која ќе биде, да го трасира конечно патот кон реформите за економијата да тргне напред.

***„Ние константно апелираме дека ни се потребни храбри чекори, дека ни се потребни реформски чекори, потребна ни е промена на однесувањето и особено економските политики треба да бидат на одредено прогресивно ниво. Сметаме дека ако се направат вакви чекори тогаш реално е да очекуваме оптимистички период. Доколку не сториме ништо посебно, тогаш знаете, оваа наша економија секогаш е прилично слаба“,*** вели Трајан Ангелоски од Сојузот на стопански комори.

Стопанската комора на северозападна Македонија смета дека е најгласна кога станува збор за работната сила, за начините како таа да се мотивира, дообразува и да се спречи масовното иселување на младите од земјата. Претседателот на комората, Менди Ќура, смета дека конечно на човечкиот капитал треба да му се обрне повеќе внимание.

***„Еден друг сегмент на кој ќе треба да се фокусираме во 2024 е и образованието, кое треба да почне да произведува соодветен кадар што ќе ѝ овозможи на нашата економија да конкурира со силната конкуренција, која допрва ќе се појави при евентуално зачленување во Европската Унија. На нашата земја ѝ треба нов економски идентитет што ќе нè направи познати по извозните капацитети, енергетската независност, зелената и циркуларната економија, со што ќе се зголеми потенцијалот на домашните компании да учествуваат во странските пазари. СКСЗМ претставува силен партнер и поддржувач на Владата и институциите кога се во прашање економските и образовните реформи, со цел да се постигне најголем можен ефект на тие реформи, а ќе продолжуваме да бидеме коректор на макроекономските политики“,*** вели тој.

Бизнисмените бараат уште еднаш да не се дозволи да се воведуваат рестриктивни даноци, кои ќе важат ретроактивно, како што тоа беше случај со т.н. солидарен данок или кризен данок. Тој според нив удри врз профитите на фирмите и нивните планови за развој со што ги ограничи можностите за иден раст и побрзо полнење на државната каса од даноци, придонеси и разни такси и давачки од страна на бизнис-секторот.

# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО АЛЕКСАНДАР ГЕОРГИЕВСКИ

*Градоначалник на Општина Илинден*

# СО ДОМАЌИНСКО РАБОТЕЊЕ И НЕСЕЛЕКТИВЕН ПРИСТАП КОН СИТЕ ГРАЃАНИ И НАСЕЛЕНИ МЕСТА, УСПЕАВМЕ ДА ОСТВАРИМЕ СОЛИДНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ВО ДРУГИТЕ СФЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ



**Реализацијата на капитални проекти од областа на комуналната инфраструктура е една од стратешките цели и приоритетите на локалната самоуправа, како и подобрувањето на квалитетот на живот на граѓаните, а зачувувањето на животната средина е од огромно значење за локалниот економски развој. Во тие рамки, во 2023 година продолживме со изградба на  канализациски системи, препумпни уреди, како и со приклучување на домаќинствата и стопанските објекти на фекална канализација.**

**Александар Георгиевски е градоначалник на Општина Илинден од ВМРО-ДПМНЕ избран на локалните избори во 2021.**

**Тој е роден во јули 1984 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнал со звање Дипломиран политиколог. Магистрирал на Факултетот за политички науки при Универзитетот „ФОН" во Скопје во 2013 година, на насока Европска и меѓународна политика и дипломарија.**



Александар Георгиевски, градоначалник на Општина Илинден.



**На крајот од секоја година, се прават анализи од повеќе аспекти на секојдневното битисување. Во вашиот случај како градоначалник на скопската општина Илинден, приоритет се ветувањата кон граѓаните и нивната реализација. Колку сте задовони од сработеното во 2023 година?**

Искрено задоволен сум од сработеното во изминатата година, затоа што зад нас е уште една година во која успеавме да реализираме голем дел од планираните проекти со единствена цел подобрување на квалитетот на живот на сите граѓани. Посебно радува податокот дека најголемиот дел од реализираните проекти беа посочени токму од граѓаните како приоритетни, што за нас беше обврска во рамки на можностите да ги реализираме во најбрз можен рок. Со домаќинско работење и неселективен пристап кон сите граѓани и населени места, успеавме да оствариме солидни резултати во локалниот економски развој, во патната, комуналната и енергетската инфраструктура, образованието, во детската заштита, урбанизмот, екологијата, културата, спортот и другите сфери на општественото живеење. Сепак, сето ова ни оддалеку не значи дека има простор за комоција, туку напротив мотив и поттик да продолжиме по истиот пат и во иднина.

**Акцентот го ставивте на комуналната инфраструктура, а тоа е делот на фекалните канализации и колектори, Што направивте за општината во тој сегмент, кој е од голема важност за животот на граѓанинот?**

Реализацијата на капитални проекти од областа на комуналната инфраструктура е една од стратешките цели и приоритетите на локалната самоуправа како и подобрувањето на квалитетот на живот на граѓаните, а зачувувањето на животната средина е од огромно значење за локалниот економски развој. Во тие рамки во 2023

година продолживме со изградба на канализациски системи, препумпни уреди, како и приклучување на домаќинствата и стопанските објекти на фекална канализација. Изградени се двата крака на колекторскиот систем за фекална канализација за Илинден и Марино во вкупна должина од 4.700 метри кој е веќе предаден на управување на ЈКП „Водовод“. Изработена е нова комплетна техничка документација така што почнавме со изградба на нов колекторски систем во должина од 4.200 метри, при што се опфаќаат повеќе од 400 домаќинства во месноста викана Плац во населба Илинден. Од октомври досега изградена е канализациска мрежа во должина од околу 1.520 метри. Овој дел од населбата е еден од најниските делови и досега воопшто не беше третиран за работа, поради сложеноста за изведба и проблематичноста во реализација на фекалната канализација. Потоа, изградена е нова линија за одведување на отпадни фекални води, на крак од улица „9“ во населба Илинден со должина од 200 метри. Изградивме фекална канализација во локалитетот „Јака“ со која се опфатени околу 500 домаќинства на која досега се приклучени 130 домаќинства. Канализациски линии на повеќе делови во Илинден и Марино. Подготвивме проектна документација за изградба на колекторски систем за дел од фекалната канализација во Кадино, со која се предвидува изградба на примарна и секундарна колекторска мрежа во вкупна должина од 11.000 метри. Исто така во изминатиот период пуштени се во употреба две пречистителни станици во Илинден и Кадино со вкупен капацитет за 2.500 еквивалент жители.

Препознатливиот симбол на Општина Илинден.




**Видливо е дека општината изминативе две години наликува на урбана, чиста средина, а за тоа придонесуваат патната инфраструктура, но и пешачките патеки. Ќе издвојам само еден пример, првпат на улицата 11 сите 9 краци се асфалтираа. Зошто се чекало досега, а Вам толку брзо Ви успеа и што направивте во тој сегмент?**

Зошто досега се чекало, не би можел да одговорам, но факт е дека откако сум јас на функцијата како градоначалник, интензивно работиме на подобрување на безбедноста во сообраќајот и секојдневната комуникација на луѓето. Само во текот на минатата година извршена е изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на околу 80 локални улици, патишта, пешачки патеки во должина од околу 19.800 метри. Во насока на зголемување на безбедноста во сообраќајот изградивме и нов кружен тек на влезот во општината, со што се реши сообраќајниот метеж во овој фрекфентен дел. Би ја издвоил и реконструкцијата на локалниот пат Илинден-Хиподром, кој е од големо значење за жителите, затоа што ја поврзува Општина Илинден со Градот Скопје, со локалната економска зона ѝ е главна

артерија за јавниот превоз. Значителен дел од капиталните инвестиции беа насочени кон изградба на пешачки и велосипедски патеки, притоа изградени се 7.000 метри. Во овој дел би ја издвоил пешачката патека на влезот во општината преку надвозникот во должина од над 350 метри. За прв пат во Општина Илинден изградена е и трим патека која се протега од Ајватовци до Бучинци. На патеката се поставени информативни табли, летниковци за одмор на граѓаните, клупи, корпи за отпадоци и наменета е за пешачење, рекреација, како и планински велосипедизам. Со цел граѓаните почесто да ги користат велосипедите и заеднички да придонесеме за поздрава животна средина, Општината за прв пат додели субвенции за купување на велосипеди. Како показател за нашата посветеност во овој тип на инфраструктура е добиената награда за „Рурална општина со најголем исчекор во велосипедската инфраструктура“, која ни беше доделена од Здружението на граѓани „Центар за одржливи иницијативи заедно со групата ентузијасти со цел подобро велосипедско „Скопје на точак“.

**Кои се вашите проекти реализирани во образованието? Што Ви е во план во иднина?**

Континуирано работиме на создавање модерни и квалитетни услови во образованието за успешно реализирање на образовниот процес. Капиталните инвестиции во образованието се од огромно значење за иднината на една општина, па затоа реконструкцијата и модернизацијата на трите општински основни училишта, како и Средното општинско стручно училиште „Илинден“ е од голема важност за нас како локална самоуправа. Во таа насока е набавката на најсовремена опрема со цел да се стимулираат учениците, да ги имаат сите неопходни услови за модерно образование. Дел од поголемите проекти за изминатата година кои би можел да ги издвојам се: фотоволтаичната централа во ООУ „Гоце Делчев“ во Илинден, изградбата на целосно нов покрив на ООУ „Ристо Крле“ во Кадино, (каде првата фаза е веќе завршена, а втората фаза ќе следува во наредниот период), воедно во ПООУ „Бунарџик“ направивме партерно и хортикултурно уредување на училишниот двор. Набавени се нови смарт табли и останата опрема во сите основни училишта на подрачјето на Општината.

Еден од клучните проблеми во ООУ „Гоце Делчев“ беше паркирањето кое оваа година го решивме со изградба на паркинг на површина од 600 метри квадратни. За прв пат минатата година беше обезбеден продолжен престој за учениците од прво и второ одделение во ПООУ „Гоце Делчев“. Исто така, за прв пат оваа година Општина Илинден организираше училишен летен камп, за најуспешните 50-тина ученици од општинските основни училишта. Како и минатите години така и сега пред новогодишните и божикните празници доделив 50 смарт таблети кои беа наменети за ученици од социјално ранливи семејства. Опремен е нов кабинет за програмирање во СОСУ „Илинден“, како и уште многу други реализирани проекти. Според мене, квалитетното образование е услов за просперитетна иднина на целокупната заедница.

Во делот на детската заштита и грижата за најмладите Општина Илинден изминатата година започна со изградба на целосно нов дел на градинката „Гоце Делчев“, во кој треба да бидат згрижени најмалите дечиња (јаслени групи).

**Тежнеете Вашата функција уште повеќе да Ве зближи со народот. Ги повикувате заедно да го креирате буџетот на општината, им помагате на социјално загрозените лица, ги стимулирате домаќинствата за употреба на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување на своите домови, а Вашата финансиска помош изнесува**

**50 отсто од сумата на вредноста. Со оглед на различната партиска и етничка структура на населението во општината, наидувате ли на соработка со сите. Имате ли опструкции?**

Како градоначалник на оваа Општина и сите жители кои живеат во неа, не правам поделба на партиска, политичка и етничка припадност. Моја цел е сите ние, заеднички да создаваме модерни и квалитетни услови за живеење и за работа, во чиста и здрава животна средина. Само на тој начин можеме да изградиме подобри услови за сите, во една модерна и урбана Општина Илинден. Во таа насока се отворените денови што ги имаме со граѓаните, кои ги одржуваме континуирано, а посебен акцент беше ставен во периодот кога се креираше буџетот на општината, кадешто многу граѓани директно придонесоа со свои предлози и идеи за креирање на буџетот за 2024 година. Во однос на стимулирањето на граѓаните за употреба на уреди за затоплување на своите домови, кои се поекономични, енергетски ефикасни и поеколошки прифатливи за околината, доделивме субвенции за набавка на ваков тип на уреди, при што 60 домаќинства ја искористија оваа можност за набавка на инвертер клими. Општина Илинден секогаш води грижа за социјалната сигурност на нашите граѓани и во таа насока по повод големиот празник Велигден ја организиравме хуманитарната акција „Подај рака-хумана општина Илинден", кадешто беа доделени околу 200 социјални пакети на социјално ранливите категории.

**Често истакнувате дека за многу проекти актуелната власт немала слух, ниту Ви давала поддршка. Иако наследивте општина со долг од 4 милиони евра, како успеавте да реализрате толку многу проекти и истовремено да го намалите долгот?**

Изминатиот период беше навистина предизвикувачки ако се земе предвид дека наследивме многу тешка финансиска состојба, на која дополнително се надоврза и една од најтешките економско-енергетски кризи во последниве неколку декади. Затоа се насочив кон консолидација на општината и јавните комунални претпријатија и со заеднички сили со мојот тим во администрацијата, менаџментот на јавните претпријатија и јавните институции како и со успешната

„Денови на културата" во Општина Илинден.



соработка со советот на општината, но највеќе со поддршка и разбирање од нашите граѓани, успеавме Општина Илинден да ја застанеме и стабилизираме, како и да продолжиме со цврсти чекори напред кон нови инвестиции и нови успеси.

**Климатски промени и здрава животна средина се теми кои се во фокусот на политичарите на светско ниво. Скопје е еден од најзагадените градови во светот, но иронијата е уште поголема што се сечат дрва, се уништуваат зеленила за бетонизација. Со засадените 11.000 садници на Ајватовски Рид почнавте да ја реализрате програмата во рамките на проектот „Зелена општина Илинден“. Како ќе се надградува оваа идеја?**

Заштитата и унапредувањето на животната средина како еден од најголемите предизвици на денешницата како во светот, така и кај нас, останува во приоритетите на нашето работење. Со цел да придонесеме во подобрувањето на квалитетот на воздух, здрава и чиста животна средина го реализиравме проектот „Зелена Општина Илинден“ во чии рамки засадивме 30.000 садници на повеќе локации во Општината. Грижата за екологијата и здравата животна средина е обврска на сите нас, па затоа одржувањето на озеленетите површини и садници е обврска на секој поединец во локалната заедница. Покрај засадените садници исчистивме над 20 диви депонии на територијата на Општината, а уредивме и повеќе помали паркови низ населените места.

**Кои се размислувањата во насока на културните и забавните настани во општината?**

Општина Илинден е добро позната по поетските вечери кои се одржуваат во рамки на традиционалната манифестација „Денови на културата“ која секогаш се одржува во месец мај. Централен настан на оваа манифестација е поетската вечер „Нашинска татковинска“, посветена на современата македонска родољубива поезија, на која настапуваат повеќе реномирани македонски и странски поети. Во рамки на манифестацијата, на големо задоволство на учениците се одржува и Литературно матине за деца насловено како „Пролетно поетско будење на Илинден“, на кое учествуваа истакнатите македонски писатели за деца и млади.
По повод Литературната манифестација „Илинден“, Општината најпрво распишува литературен конкурс на тема „Творам за Илинден“ за учениците од општинските основни училишта, при што на Литературното матине за деца наградените ученици имаат можност да ги прочитаат своите творби.

Исто така, како поголем културен настан е и одбележувањето на патрониот празник „Илинден 2 Август“ каде настапуваат специјални музички гости од забавната и народната музика. Во домот на културата се одржуваат ликовни изложби на наши познати ликовни уметници како и концерти на културно уметнички друштва.
За новогодишните празници имавме и новогодишен базар и целонеделна програма која понуди интересна содржина за сите возрасти.

**Вашиот брат Гоце Георгиевски е ракометар на Вардар и поранешен репрезентативец. Причина плус да имате посебен респект кон спортистите, но и кон важноста на влијанието на спортот особено врз младите. Создадовте ли услови за спортување?**

Инвестирањето во спортот и спортските терени е еден од главните предуслови за создавање на здрава младина, како и за изградба на нови идни спортисти кои ќе бидат идните идоли на новите генерации, како што е и мојот брат на што сум особено горд. Во таа насока изминатата година успеавме да ги реконструираме спортскиот терен за мал фудбал во Кадино, како и повеќенаменските игралишта во Миладиновци, Ајватовци и Мршевци, баскет

терени во Мршевци, Мралино, Марино и Бујковци. Воедно започнавме со изградба на мултуфункционално игралиште во населба Илинден кое ќе биде со специјална подлога наменето за фудбал, кошарка, ракомет и одбојка. Во делот на спортските манифестации ја организиравме спортската манифестација „Денови за младинскиот спорт во Општина Илинден" на кој учествуваа многу млади од основните и средното училиште, а се одиграа натпревари во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, турнир во баскет за учениците од СОСУ „Илинден", елементарни штафетни игри за ученици од одделенска настава. Ја организиравме професионалната велосипедска трка „Трофеј Илинден 2023" која е дел од календарот на велосипедската федерација на Македонија, Општината даде поддршка на првата организирана велосипедска тура „Експедиција низ срцето на Илинден 2023". Бевме домаќини на два меѓународни турнири во делот на боречките спортови: Џиу џица турнир и Џудо турнир „Скопје Опен 2023". Овде морам да го споменам меѓународниот фудбалски турнир „Илинден куп 2023" каде во организација на фудбалската школа Гроздановски, а под покровителство на Општина Илинден, на спортските фудбалски терени во Марино и Кадино учествуваа над 120 европски, балкански и македонски клубови со околу 1000 фудбалерчиња на возраст од 8 до 12 години. Општина Илинден и годинава обезбеди поддршка за традиционалните и меморијалните турнири кои се одржуваат во нашата општина. Покрај сето ова би сакал да издвојам дека за прв пат во Општина Илинден доделивме директна финансиска поддршка за 30-тина истакнати и млади спортисти кои оствариле успеси во делот на спортот во изминатиот период.

**Неодамна, при осветувањето на храмот „Св. Цар Константин и Царица Елена" во Илинден Неговото блаженство Архиепископот Охридски и Македонски господин господин Стефан ви додели високото одличие на МПЦ „АРХИЕПИСКОП ДОСИТЕЈ". Потекнувате ли од религиозно семејство кое верува и го почитува Бога и божјите правила?**

**Георгиевски со** Архиепископ Охридски – Македонски г.г. Стефан.



Потекнувам од традиционално православно семејство во кое редовно се почитуваат традиционалните и верските обичаи. Ми претставува особено задоволство што бев дел од осветувањето на новоизградениот црковен храм „Св. Константин и Елена“, а ми претставуваше особена чест што токму нашиот Архиепископ Охридски – Македонски г.г. Стефан на овој светол чин ме удостои и ми го врачи ова Одличие, што за мене претставува голема сатисфакција.

**Најголемото богатство што може да им го оставиме на децата е доброто воспитание. Каков сте како татко, што ја советувате ќерката? Колку новата функција Ви дозволува дружба со семејството?**

Самата функција и одговорностите што ги носи одзема многу време и бара често отсуство од дома. Најголем дел од обврските околу ќерката Михаела, училишни и дополнителени активности кои ги има, ги презема сопругата. Јас се трудам секој слободен момент кој го имам да му го посветам на семејството и да имаме некои наши заеднички активности, без разлика дали е тоа надвор од домот или пак во домашни услови. Детето е сликата на своите родители и затоа секогаш се трудам да бидам добар татко и добар пример. Сакам да ја насочам кон вистинските вредности во животот. Нашата цел е да ја воспитаме правилно и да и овозможиме убаво безгрижно детство.

Георгиевски со ќерката Михаела.



Георгиевски со семејството.





Водици во Охрид.

# ВОДИЦИ ВО ОХРИД – УНИКАТНА ВЕРСКА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО СРЦЕТО НА ПРАВОСЛАВИЕТО

Една од најсветите тајни во христијанството со векови на големо се прославува во македонскиот Ерусалим – Охрид. Крштението Исусово и тоа како се има вгнездено во долгогодишната традиција и колективната меморија на Охриѓани. Речиси и да нема човек родум од Охрид и охридско, кој на овој ден, без разлика каде се наоѓа, дали во Скопје, Прилеп, Битола или некоја од светските метрополи, и независно од тоа дали на некое друго место создал дом, не се враќа задолжително во родната грутка. Акцентот е на задолжително и неопходно. Одбележувањето на овој ден во овој град и околината, на овој сехристијански празник, е посебно доживување кое има траен отпечаток врз духовниот развој на овие верници. И тоа не само врз Охриѓани, туку и врз православниот свет кој го посетува градот. Токму затоа, на овој продолжен јануарски викенд, Охрид е локацијата во центарот на вниманието на туристите кои ја посетуваат Македонија.

# РЕПОРТАЖА

## МАСОВЕН ТУРИЗАМ ВО ОХРИД ЗА ВОДИЦИ

Како што претходно посочивме, Охрид е одредиштето и централно место кои ќе ги сплоти верниците кон средината на јануари. Македонското светилиште е избор број еден, пред сѐ, за српските туристи. Тамошните туристички агенции нудат богати историски и археолошки тури пропратени со пригодна програма за одбележување на овој ден. Програмата содржи факултативни излети, посета на културните знамености не само во Охрид, туку и надвор од него. Тие, меѓу другото вклучуваат и шопинг тури и релаксација во локалите и кафеаните. Сепак, главната програма содржи фрлање на светиот крст во осветените води на Охридското Езеро, по што туристите се упатуваат кон Црквата Богородица-Перивлепта (Богородица која гледа се). Во оваа црква биле сместени моштите на Свети Климент. Посета на античкиот театар. Во прошетката се вклучени и црквата Свети Климент и Пантелејмон (Плаошник) која е единствена црква со такво име во Македонија и пошироко. Токму таму се сместени останките на Свети Климент. Неизбежен дел за посета се и црквата Свети Јован Канео, катедралната црква Света Софија, националната работилница за изработка на хартија каде е сместена реплика на Гутемберговата преса, градскиот музеј (Куќата на Робевци) во која се изложени многу историски артефакти кои датираат од пред нашата ера се до 19 век. Во музејот се наоѓа и златната посмртна маска на македонски владетел. Слика од таа златна маска се наоѓа на банкнотата од 500 денари.



Снегот не ја спречи прославата на денот на рибарите.



## ТУРИСТИЧКАТА СЛИКА ЈА ГРДАТ ПАРТИСКИТЕ ПРЕПУКУВАЊА

Повеќе анкети низ годините покажуваат дека уникатните активности кои се организираат во Охрид за време на богојавленските празници и тоа како можат да ја збогатат туристичката понуда и да придонесат за пополнување на сместувачките капацитети во овој дел од годината, односно да го потикнат таканаречениот верски туризам. Култот кон празникот Водици во Охрид е исклучително голем. Охриѓани отсекогаш покажувале неизмерна почит кон традицијата и верата. Токму затоа претпоставените сметаат дека може од една страна, со добра стратегија Охрид „финансиски" да „ќари" од збогатената програма, без притоа да биде нарушена традицијата и црковните обичаи. Сметаат дека без оглед на се, духовниот момент секогаш ќе биде приоритет за верниците и почитувачите на верата, а за туристите интересен спомен од престојот во Охрид кој засекогаш ќе им остане во сеќавањата.

Сепак, Здружението на граѓани „Богојавление" пред неколку години се откажа од организирање на манифестацијата за Водици по јавните критики и прозивки на дел од населението кое се изјасни против наводна комерцијализација на настанот, а кој според нив треба да има малку поинтимен верски карактер.

Кон проширување на нетрпеливоста и раздорот меѓу верниците, многумина сметаат деа влијаеше и изборот на кумови за Водици. Контроверзните избори на поранешни и актуелни градоначалници, контроверзни стопанственици, пејачи од странство, па дури и сега веќе осуден криминалец отворија и оставија сомнежи за разни партиски и бизнис лобирања кои фрлија темна дамка на инаку еден од најпразнуваните настани во христијанството.



## ГОЛЕМИ НАДЕЖИ ЗА ВОДИЦИ 2024 ГОДИНА

Охрид годинава е подготвен за уште едно спектакуларно одбележување на верскиот празник Богојавление-Водици. Надлежните големи надежи полагаат дека поради продолжениот викенд и уникатното прославување, градот ќе се наполни со верници и туристи од сите краишта.

Градоначалникот, Кирил Пецаков, посочи дека сите учесници во организацијата се подготвени празничниот ден да мине во убава атмосфера, безбедна за сите оние што ќе запливаат по светиот крст, но и за бројните верници коишто ќе го следат верскиот настан којшто ќе се одвива во водите на Охридското Езеро.

Повеќе од 300 капачи досега се пријавиле во Дебарско кичевската епархија за да бидат дел од најголемата црковно народна манифестација во земјава. Покрај охриѓани по Светиот крст ќе скокаат и жители на други градови. Се очекуваат околу илјада капачи.

**„Од најмал до најстар, сите охриѓани особено во Стариот дел на градот од каде што и потекнува оваа традиција со нетрпение и со Божествен трепет го можам да кажам дека го очекуваат овој празник на Светото крштение Господово на овој ден"**, вели Илија Ристевски претставник од Дебарско кичевската епархија.

## ТИМОВИТЕ ПОДГОТВЕНИ

На еден ден пред Водици, медицински тимови на Црвен крст-Охрид на пункт поставен на платото помеѓу Капетанија и ресторанот „Чун" ќе вршат основни здравствени прегледи на оние кои се одлучиле да „скокаат по крстот". Тимови на спасители на вода распоредени долж градското пристаниште и во спасителни чамци во вода, нуркачки тимови, како и со медицински тимови за укажување прва помош со амбулантско возило, помогнати со медицински тим на Итната медицинска помош со амбулантско возило се на готовс да интервенираат ако за тоа има потреба за капачите кои ќе се нурнат во студената вода на околу 8 степени колку што се очекуваат.

Во Центарот за култура „Григор Прличев", традиционално како и секоја година се одржува крводарителска акција под мотото „Една капка може да промени сè'" во организација на Црвен крст-Охрид.

## УНИКАТНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Централната прослава на празникот почнува рано наутро во црквата „Успение на Пресвета Богородица" – Каменско каде ќе чинонучалствува митрополитот Дебарско – кичевски г. Тимотеј. Исто така ќе има служба во црквата „Св. Никола Геракомија" од каде потекнува оваа традиција, како и во останатите парохиски цркви. Потоа црковните претставници и верниците се упатуваат на литија до градското пристаниште. Ова е особено интересен чин бидејќи сите во еден глас ја пеат песната „Во Јордание" која одекнува низ калдрмисаните улички во стариот дел на Охрид. Од пристаништето ќе бидат осветени водите на Охридското Езеро, а потоа ќе се положи и Чесниот крст, предвидено за во 10 часот. За оној којшто ќе го фати крстот, се верува дека среќа и бериќет ќе го следат цела година.

На денот на празникот во 12:00 часот во месноста „Сараиште", како и секоја година, се организира групно крштевање.

По чинот на Богојавленскиот водосвет, на градскиот плоштад ќе се одржи забавна програма за посетителите, а предвидено е да настапи групата Next time.

Прославата за Водици во Охрид, продолжува и следниот ден на 20 јануари со уникатната манифестација Денот на рибарите. Традиционалното капење на рибарите и годинава ќе се одржи на месноста „Сараиште" и истата ќе биде надополнета со повеќе културни и забавни содржини. Оваа година ќе биде послужена и храна која е

Пливање по крстот.





Чорба за денот на рибарите.

карактеристична за трпезите на овој празник.

Она што е карактеристично за Охрид е дека на овој ден, до пред пандемијата, се организираше подготовка на рибна чорба во голем казан. За подготовката на овој специјалитет вообичаено беа задолжени професорите и учениците од ОУТУ „Ванчо Питошески“. На присутните гости им се послужуваа неколку илјади порции, а дел од подготвената чорба им се доставуваше и на социјално ранливите семејства од градот. Оваа традиција лани изостана.

На Свети Јован, со децении наназад, рибарите од стариот дел на градот се капеле во водите на Охридското езеро со што се означувал крајот на забраната за лов на пастрмката позната како татиљ. Бидејќи на овој ден завршувала забраната што траела од 25 декември до 20 јануари, рибарите ги фрлале мрежите во езерото и со уловената риба правеле чорба. Во чест на стартот на рибната сезона, се капеле во езерото.

Некои на овој ден се тркаат по буриња вино, некои само ја пеат „Во Јордание“. Црквата стои на ставот дека трката по бурето полно со вино не спаѓа во традиционалните црковни обичаи за празникот и нивни претставници нема на овој чин.



Среќниот фаќач на крстот.



## ПРОСЛАВИ ВО ОХРИДСКО

Слободно може да се каже дека охридско-дебарскиот, како и кичевскиот крај се регионите кадешто на мошне уникатен начин се прославува празникот Богојавление Водици. Во охридските села карактеристично верниците се организираат во таканаречени кумства, кои првично биле распределени по роднинска линија или по маала. Никој не знае од кога почнало прославувањето на овој начин. Се смета дека Водици како празник се обележува вака отсекогаш, односно од прифаќањето на христијанството во овие краишта.

Во крајезерското село Пештани, на пример, овие кумства се нарекуваат „колој“ или

„колови“, но се поделени според славата која ја слават семејствата. Во селото, 330 семејства се распоредени во 8 кумства. Кој ќе биде кум за Водици се избира на два начини. Или според претходно утврден список, па секој знае која година му е редот да биде кум, или пак со влечење.

Влечењето се врши такашто еден мал крст се става во јаболко. Сите земаат по едно јаболко од сад во кој се наредени јаболката покриени со крпа. Кум е оној кај кој ќе се падне крстот. Притоа не влечат лотови сите членови на колот. Ако кумството како „тим“ има 30 члена, во иста година ќе влечат 10, односно кумствата се поделени на три групи по 10 члена. Тоа е така затоа што во минатото имало случаи, некој да биде кум по 3 или 4 години, а некој и да не си го дочека редот.

„Колот“ се збогатува со нови членови кога синот ќе се оддели од татковата куќа и ќе формира свое семејство. Оној, пак, што живее заедно со родителите, го наследува таткото во колот по неговата смрт.

Бидејќи се смета дека секој ќе биде барем еднаш во животот кум за Водици, тоа е и тоа како голем финансиски трошок. Оние посиромашните кои немааат многу средства да примат гости, можат да сметаат на донација од парите собрани од т.н. „дарување на крстот“, кои инаку се наменети за хуманитарни цели, најчесто за лекување болни. Има случаи и на некои семејства, кои за жал се откажуваат од традицијата.

Коловите не се еднакви. Најголемиот „кол“ во Пештани има 64 членови, а помалите по 30-тина. Кога еден „кол“ ќе стане преголем, тој се дели на два.

Изборот на нов кум се бира на ден Водици, во секој кол кај стариот кум. На „честито“ кај кумот до попладне оди по еден член на семејството, најчесто маж, а отпосле сите.

Обичаите налагаат и новите кумови да се упатат на сред село за да се „промовираат“, носејќи го крстчето во мало украсно ковчеже, како и тепсија со вино, риби, бонбони...

Вечерта кога сите селани одат кај кумовите на гости, девојчињата кружат околу масите и гостите ги даруваат со пари. Отец Димче Азески, инаку родум од ова село вели дека порано исклучиво младите невести кои се омажиле претходната година пееле богојавленски песни, а само една од нив ги собирала парите. Сега, оваа традиција е напуштена.

Тој им порачува на верниците да не заборават да го прославуваат празникот скромно и достоинствено. Вели ако порано денот се обележувал со прослава дома со поголеми количества риба бидејќи се работи за исклучиво рибарско село и уште неколку други пропратни јадења како зелка, гравче, туршија и вино, сега трпезата е преполна со секакви специјалитети.

Смета дека скромноста на овој и тоа како важен ден во православието треба да биде доблест за секој христијански верник.

Фаќање буре во Пештани.








# НАГРАДА „МАЖ НА ГОДИНАТА" ВО РАЦЕТЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТ - СКОПЈЕ

**Наградата Маж на годината за 2023 година ја доби менаџментот на Универзитетот Скопје. Статуетката официјално им беше врачена на подмладокот на менаџментот на Универзитетот Скопје, м-р Љупчо Миленковски и доц. д-р Ангела Миленковска Климоска. Тие истакнаа дека за наградата е заслужужен целиот тим, на чело со ректорот проф. д-р Аце Миленковски.**

# ДУРБИН

***„Компасот што ми го подари татко ми го следам секојдневно, бидејќи тој ме носи по вистинскиот пат“***, рече пред присутните м-р Миленковски.

Проф. д-р Миленковска порача дека Универзитетот Скопје е докажан бренд во високото образование, за што е заслужен целиот тим на професионалци кои неуморно творат во сите изминати години.



Обраќање на м-р Љупчо Миленковски.







Миленковски: „Продолжуваме да работиме посветено и да создаваме нови генерации млади професионалци“.

Ректорот на Универзитет Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, истакна дека не е лесно да се биде најдобар – тоа е привилегија, но и голема обврска да се продолжи по истиот пат.

***„Оваа 2023 година за Универзитетот Скопје беше една од најуспешните години од постоењето. Продолжуваме да работиме посветено и да создаваме нови генерации млади професионалци што ќе останат да работат во Македонија, да придонесат за подобра иднина тука, во својата татковина“***, порача ректорот Миленковски по повод наградата.



Миленковски: „Да се биде најдобар е привилегија“.






Миленковски со тимот од Универзитетот Скопје.



Годинава, главната награда за Мажи на годината и наградата за најголем придонес во општеството ја добија докторите од Клиниката за дигестивна хирургија, кои направија три успешни трансплантации во Македонија.

На гала-вечерта која се одржа во „DoubleTree by Hilton Skopje", награди добија тринаесет најуспешни мажи во Македонија што оставиле белег во нашето општество преку своите достигнувања во 2023 година. Манифестацијата „Мажи на годината" е во организација на „Фрајдеј комуникации".



Миленковски со останатите наградени.



# АНДОНОВ: ИМАВ РАЗБИРАЊЕ ОД ПРОФЕСОРИТЕ, НО ВО ТОА ВРЕМЕ НЕМАВ СВОЈ ЛАПТОП, ГО ПОЗАЈМУВАВ ОД ТРЕНЕРОТ ЗА ДА СЛУШАМ НАСТАВА И ДА ПОЛАГАМ



Завршил средно фискултурно, но неговата желба да стекне нови искуства и знаења од други сфери, биле мотив да се запише на Универзитетот Скопје. Иван Андонов дипломирал во 2012 година на тогашниот Факултет за туризам и менаџмент. Вели дека е презадоволен од наставата и односот на професорите, кои имале разбирање за неговата спортска кариера. Андонов, кој игра на позицијата среден блокер, има настапи за најдобрата македонска одбојкарска репрезентација. Тој е помеѓу искусните играчи во националниот шампионат, го носи репрезентативниот дрес од 2006 година. Досега беше член на клубови-шампиони во Македонија и во други балкански земји вклучително и Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Сега е дел од одбојкарскиот клуб „Весна Пробиштип“, од неговиот роден град.




Иван Андонов, одбојкар.

**По завршувањето на кариерата, секој спортист размислува што понатаму, каде и како ќе продлжи со работа. Вие завршивте средно фискултурно. Зошто не го продолживте факултетското образование во таа насока?**

Уште сум активен спортист, но по завршување на мојата одбојкарска кариера, би сакал да бидам успешен и во работата подоцна. Дали тоа ќе биде нешто во спортот или некоја друга дејност, не сум решил. Завршив средно фискултурно, но не сакав да продолжам таму. Сакав да пробам и да почнам да учам нешто друго.

**Вашиот избор беше Универзотетот Скопје, отсек туризам. Кој беше мотивот да се запишете и да ја стекнете оваа диплома?**

Пред да завршам средно образование, многу слушав за Универзитет Скопје. Во тоа време беше Универзитет за туризам и менаџмент. Ми звучеше примамливо и интересно. Слушнав на кој начин се одвива наставата и дека има многу добри професори. Ми беше презентирано што нуди дипломата и колку таа е признаена во Македонија и надвор од земјата. Токму ова беше мотивот да се запишам на Универзитет Скопје.

**Како да се усогласат студиите и спортот е прашање кое ги мачи сите спортисти. Од една страна, секојдневни напорни**

**тренинзи, натпревари во текот на неделата. Слободните мигови се резервирани за одмор. Кога учевте?**

Да бидам искрен, многу е тешко. Знам дека секој професионален спортист го има тој проблем, но со правилно користење на слободното време и времето кое е одредено за работа на тренинзи и учење, може да се завршат сите обврски. Малку е потешко, но се успева.

**Прва година бевте редовен студент. Какви се искуствата од тој период? Кои предмети уживавте да ги слушате и да ги учите?**

За мене тоа беше нешто ново. Нов почеток, нови познанства, нови професори, нови другари, другарки. Кои не беа само скопјани, туку и колеги од факултет. Уживав во сите предмети. Но, би го издвоил предметот географија. Тој ми беше омилен.

**Каква беше релацијата со професорите. Колку имаа тие разбирање за Вашите обврски поврзани со одбојката?**

Мојата релација со професорите беше едноставна, но со многу разбирање. Имавме отворена комуникација. Кога имав клупски обврски, немаше проблем слободно да ги извршувам. Но, затоа им возвраќав со почит и со учење.

**Кариерата Ве однесе во повеќе земји. На кој начин успевавте да ги подготвувате испитите и да полагате?**

Првпат пред да заминам надвор од Македонија, седнавме и се договоривме сите обврски спрема Универзитетот да бидат онлајн. Во тоа време со мене немав лап топ па тренерот ми го позајмуваше за да слушам предмети и за да полагам.

**Дипломиравте во 2012 година. Планирате ли да ја надополните Вашата едукација со магистратура. Што би одбрале, кој отсек?**

Помина многу време, не сум размислувал за магистратура. Но, сепак, кога веќе сум пред крај на мојата кариера, би било добро да запишам и магистратура на Универзитетот Скопје.

**Зошто на младите спортисти би им го препорачале за студии Универзитетот Скопје? Кои се предностите кои би им го**



Андонов во акција.

**олеснале начинот на студирање, од една страна да стекнат знаење, а од друга да не се под притисок поради тежината да се биде професионален спортист?**

На младите спортисти би им го препорачал Универзитетот Скопје затоа што нуди многу можности. Можност да бидат дел од најдобриот универзитет во Македонија. Да го завршат универзитет без никаков притисок од професорите и со нивно разбирање за спортските обврски. Да станат успешни спортисти, професионалци, кои со добро залагање можат да бидат и стипендирани од Универзитетот Скопје.

**Лани македонската одбојкарска репрезентација во првата фаза играше пред својата публика во Скопје. Остварите голем успех - првпат влеговме во втора фаза на Европско првенство. Какви се импресиите?**

За прв пат ја имавме таа привилегија да бидеме организатори и домаќини на групна фаза од Европско првенство. Тие десет дена беа празник за одбојката и за спортот

Иван Андонов, одбојкар.




Андонов заедно со соиграчите од македонската репрезентација.





Иван Андонов со семејството.

Иван Андонов со девојката.



во Македонија. Тоа беше голем спортски настан, којшто се емитуваше и беше гледан од цела Европа и светот. Настан на кој беше присутен европскиот одбојкарски крем, имаше натпревари од високо ниво. Одбојка за уживање ни приредија најдобрите репрезентации и играчи во Европа. Ние уживавме во добри и квалитетни натпревари, публиката и атмосферата беа фантастични. Моменти за кои секој професионален спортист живее и тренира.

**Играте за „Весна Пробиштип“, се вративте во родниот град да му помогнете на клубот. Како Ви изгледа едно секојдневие?**

По кратки преговори со управата, се вратив во мојот град и потпишав за клубот од Пробиштип. Моето секојдневие се состои од утрински тренинг во фитнес и потоа попладне во сала. Слободното време го користам за одмор со фамилијата, да бидам повеќе со нив. За разговор со мојата девојка и за уживање во убаво и вкусно кафе.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



Никовски: „Во Вашингтон, ама и во Брисел, се прават непремостливи пречки на нашиот напредок.“
*Извор: infomax.mk*





# НИКОВСКИ: ВО ПРАВО СЕ КОГА ВЕЛАТ – „ЗАПОЗНАЈ ЈА ТАТКОВИНАТА, ЗА ДА ЈА ЗАСАКАШ ПОВЕЌЕ“!

**Македонски дипломат, амбасадор, колумнист. Ристо Никовски е еден од најактивните во јавноста на теми поврзани со надворешната политика на Македонија и со спорот за името. Тој е познат по своите ставови, јавни настапи и согледувања, со големи критики за спорот и апели за зачувувањето на името на Македонија. Тој, во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“, ја анализира внатрешната состојба на политичка сцена, а и периодот од независноста на земјата до денес, со инволвирани домашни и надворешни фактори.**

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## РИСТО НИКОВСКИ,

**македонски дипломат, амбасадор, колумнист**



„Народот убаво рекол – кај и да одиш, дома да си дојдеш. Нашиот дом е Македонија. Тука најубаво се чувствуваме. Наша одговорност е да си ја средиме, за сите поубаво да живееме. Факт е дека земјата, по распадот на Југославија, е жртва на туѓи интереси и немаше можност нормално да се развива. Ама, сепак, одговорноста што сме на ова дереџе е, пред сè, наша. Мораше повеќе и подобро да се работи“, вели Никовски во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“.

**Долга чекалница за Македонија, со повремени пофалби, но најчесто критики на патот за влез во европското семејство. Во изминатите години слушнавме голем број оптимистички пораки, но на крајот не стигнавме до отворање на поглавје во преговарачкиот процес. И покрај сите ветувања и напори, земјата очигледно не може да направи чекор напред. Која е главната причина? Дали постојаните услови од соседните земји или политиките кои ги води Владата?**

Причините зошто тапка Македонија во место на патот за Брисел се многубројни. Голем дел од нив се домашни, но сепак, клучни се надворешните причини. Македонија нема ништо направено, или премногу малку направи кога зборуваме за реформите потребни за исполнување на критериумите за членство. Меѓутоа, неспорно е дека во Вашингтон, ама и во Брисел, се прават непремостливи пречки на нашиот напредок. Ниту беше случајна грчката блокада на нашиот пат, а уште помалку е неочекувана бугарската. Сето тоа е дел од едно исто сценарио, чија финална цел е затворање на „македонското прашање“. Тоа значи и бришење на Македонците како народ.

Во политиката нема ништо случајно. Настаните со кои се соочивме во последните 30 години на целосна независност, тоа најдобро го потврдуваат. Непризнавање, нелегална суспензија на историското и на уставно име и наметнување на референција, терористичка блокада на јужната граница, силеџиско условување „прво името, потоа членство во НАТО и во ЕУ“, безобѕирно наметнување на предавничките договори со Бугарија и со Грција, подмолната „Тиранска платформа“ и многу други се само дел од голготите низ кои врвиме сите овие години.

Македонија сè уште ги нема отворено преговорите за членство, и прашање е кога тоа ќе се случи. А тие ќе траат 15, 20, а можеби и повеќе години. Во спротивно, ако го исполниме ултиматумот за промена

НИКОВСКИ: ***Македонија има само еден излез од тунелот во кој е доведена, а тоа е итно откажување на Договорот за (не)пријателство и двата катастрофални протоколи, коишто се пострашни  и од самиот Договор. По автоматизам, со тоа отпаѓа уцената да го менуваме Уставот и сегашната крајно неприфатлива и понижувачка преговарачка рамка. Само таков наш исчекор може да ни го отвори патот кон Брисел***, *вели Никовски во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“.*

на Уставот, ќе го забрзаме процесот на самоуништување. Внесувањето на бугарскиот „Тројански коњ“ во Уставот ќе значи рушење на македонизмот, овојпат однатре.

Од друга страна, не треба да има дилеми дека Унијата нема да се проширува уште долго и, многу веројатно, веќе никогаш како до сега. Затоа се измислени нови форми на приближување, без целосно членство, како што се Европската политичка заедница и четирите столба.

**Неодамна Бугарија испрати порака дека уставните измени нема да бидат последни. Се очекуваат нови ултиматуми, кои повторно може да го блокираат членството во ЕУ. Дали има можност да се избегнат овие притисоци?**

Бугарија нема потреба да поставува нови услови. Тие и не сонуваа дека сите нивни историски аспирации кон Македонија и кон Македонците, ќе станат дел од преговарачката рамка на ЕУ. Преку неа, Македонија нема никогаш да стане членка на ЕУ. Доволно е Софија да инсистира на исполнување на своите монструозни бедотии, кои нашите предавници веќе ги прифатија.

Клучно е што Бугарија нема никаква намера да нè пушти во ЕУ како Македонци, со македонски јазик и историја. На крајот од денот, ако не прифатиме дека до 1944 година сме биле „Бугари“ и сме зборувале бугарски јазик, а денеска нивни дијалект, Софија нема никогаш да овозможи нивното Собрание да го ратификува нашето членство во Унијата. Во тоа не треба да имаме никаков сомнеж.

Затоа, Македонија има само еден излез од тунелот во кој е доведена, а тоа е итно откажување на Договорот за (не)пријателство и на двата катастрофални протокола, кои се пострашни од самиот Договор. По автоматизам, со тоа отпаѓа уцената да го менуваме Уставот и сегашната крајно неприфатлива и понижувачка преговарачка рамка. Само таков наш исчекор може да ни го отвори патот кон Брисел.




*Извор: Република*



**Последна во низата критики, неодамна стигна и таа од холандскиот амбасадор Дирк Јан Коп до лидерот на ДУИ, Али Ахмети, кој му порача дека е неприфатливо да има политичко влијание врз претседателот на Врховниот суд. Оваа порака се смета за една од најдиректните во историјата на земјата од страна на еден дипломат. Реакции на изјавата имаше од премиерот Ковачевски и од шефот на македонската дипломатија Бујар Османи, кои очекуваа да се обелоденат имињата што вршеле притисок. Колку е сериозна пораката на холандскиот амбасадор за европскиот пат на земјата?**

Прво, интервенциите на холандскиот амбасадор се надвор од дипломатската практика. Арно ама, за жал, во нашиов хаос, тие помагаат некои проблеми да се стават на маса и евентуално, да се бара решение. Второ, ДУИ се однесува како да се газди во земјава замислувајќи дека можат да прават што сакаат. Тоа е благодарение на СДСМ, која им дозволи да владеат со Македонија. Затоа, потегот на амбасадорот е позитивен и е упатен и до СДСМ. Таква партизација и злоупотреба се просто незамисливи, ама ни се случуваат. Така е кога СДСМ се прави отсутна и толерира сè, само за да ја задржи својата позиција. Трето, ако се продолжи оваа анархија, Македонија ќе оди прудолу.

Судството очигледно е трн во око за Европската Унија. Извештајот на Европската Комисија, најголемите проблеми ги посочи токму во правосудниот систем. Европскиот амбасадор Дејвид Гир изјави дека е загрижен за брзите измени на Кривичниот законик и за нив смета дека се можност за зголемување на неказнивоста. Тој посочи дека откако измените стапија во сила, неказнивоста е зголемена.

Не треба ниту Брисел, уште помалку Гир, да ни кажуваат какви се состојбите во нашето судство. Тоа сите го знаеме. Со земјава владеат корупцијата и криминалот, што е евидентно за секого. Да не го спомнуваме



Никовски: „Софија нема никогаш да овозможи нивното Собрание да го ратификува нашето членство во Унијата."
*Извор: Република*

Судскиот совет, кој мора да биде лика и прилика за правосудниот систем, а е во хаос. Сè додека не расчистиме, генерално, со ендемската корупција, никогаш нема да се приближиме до ЕУ.

**Пред повеќе од еден месец, Македонија беше домаќин на 30. Самит на министри за надворешни работи на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). На едно место присуствуваа 70 делегации и над илјада учесници. Накратко, Скопје беше центарот на светот. Но, кои се придобивките од сето тоа? Прво, како претседавач со ОБСЕ, а потоа и како домаќин и организатор на дводневниот самит?**

Со Министерската конференција одржана во Скопје, земјата секако доживеа одредена светска промоција. Тоа е особено важно од туристичка гледна точка, бидејќи луѓето слушнаа за Македонија, некои првпат, што може да предизвика и интерес за посета. Сепак, конференцијата не беше одржана во Скопје по наша заслуга, туку ни беше дојден редот да претседаваме со организацијата.

По правило, ваквите можности треба да се искористат и за прашања што се од интерес за земјата која претседава. Кога е Македонија во прашање, тоа никогаш не се случува, што не ни служи на чест. Најчесто, ние сме поголеми католици од папата.

**Самитот беше особено интересен бидејќи во Скопје во исто време беа присутни државниот секретар на САД, Ентони Блинкен, и рускиот министер за надворешни работи, Сергеј Лавров, иако очекуваната средба меѓу нив не се случи. Но, сепак привлече особено внимание прес-конференцијата на рускиот шеф на дипломатијата, кој испрати порака до македонските власти дека Балканот има проблеми поради однесувањето на Западот. Дали пораките беа разбрани од меѓународната заедница и од македонските власти?**

Евентуалната средба меѓу Лавров и Блинкен требаше да биде круна на конференцијата, меѓутоа, не се случи. Блинкен намерно „избега" пред време. Лавров беше апсолутно во право околу доминацијата на Западот на Балканот, кој прави што сака. Да не одиме подалеку, доволен е примерот со нашата Македонија. Веќе 30 години се обидуваат да го уништат македонскиот народ и никој од тие „западни демократии" со прст не мрднува да се спречи тој современ и софистициран геноцид.

**Пред самиот самит, кога безбедноста навидум беше на највисоко ниво, се случи голема трагедија во нашата**



Никовски: „Ако домот не е среден, нема убав живот за семејството."
*Извор: ѝресс 24*

**земја. Двојно убиство, кое сè уште не е расветлено докрај. Во меѓувреме, ескалираше ситуацијата во македонската навигација за време на над 40 прелети над македонското небо. Во еден момент, според информација од контролата на летање, имало и два авиони на НАТО. Колку се ваквите ситуации црна дамка за Македонија?**

И двојното убиство и случајот во М-НАВ се повеќе од црни дамки за Македонија. Тоа се тешки резили што покажуваат дека државата не функционира. И во двата случаи. Околу двојното убиство, клучен е автомобилот на првата жртва. Таа е исчезната, а нејзиниот автомобил се вози без никаков проблем. Тоа значи дека полицијата не функционира.

М-НАВ, пак, покажува како државата насилно се партизира и албанизира.

**Надворешната политика е тесно поврзана со внатрешната, а на крајот најголемата тежина паѓа врз граѓаните. Што е потребно за да живее Македонецот подобро?**

Ако не е среден домот, нема убав живот за семејството. Истото важи и за државата. Ако во неа се направи ред и поредок, сè ќе биде подобро, па и животот на граѓаните. Македонија е во неред. Сегашната власт (2016 – 2024), растури сè. Ништо не функционира. Ништо не е изградено. Освен, што е евтино, или за џабе, распродадено е сè што е свето за македонскиот народ, неговиот идентитет, јазик... Некој убаво поентира – тоа што Турците не успеаја за 500 години, заедно со ДУИ, СДСМ го уништи за седум години.

**И покрај сивилото и загадениот воздух во моментов, сепак Македонија е наша земја, со безброј убавини. Каде се чувствувате најубаво и колку често шетате низ земјата?**

Народот, убаво рекол: „Кај и да одиш, дома да си дојдеш". Нашиот дом е Македонија. Тука најубаво се чувствуваме. Наша одговорност е да си ја средиме татковината за да живееме сите поубаво. Факт е дека земјата, по распадот на Југославија, е жртва на туѓи интереси. Немаше можност нормално да се развива. Ама, сепак, одговорноста што сме на ова дереџе е, пред сè, наша. Мораше повеќе и подобро да се работи.

Враќање назад нема. Треба да спрегнеме сили и да започнеме да ги решаваме проблемите. Следните избори ќе бидат наш тежок испит што мораме да го положиме. Секој треба да излезе и да гласа. Во спротивно...

Да одговорам и на Вашето последно прашање. Сега поретко шетам, ама сум ја поминал цела Македонија. Во право се кога велат: **„Запознај ја татковината, за да ја сакаш повеќе".**

# ЕВТИНИТЕ ЗИМСКИ ЦЕНТРИ ВО РЕГИОНОТ НЕ СЕ ВЕЌЕ ТОЛКУ ЕВТИНИ



## ПОСКАПИТЕ БАНСКО И КОПАОНИК ГИ СВРТЕА МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИ КОН ЕВРОПСКИТЕ СКИЈАЧКИ ЦЕНТРИ

Зимската туристичка сезона е во полн ек. Граѓаните кои имаат страст кон овој спорт ги искористија слободните празнични денови и заминаа на скијање. Огромен е изборот на зимски туристички центри за оние кои зимувањетото им е традиција.

Интересот за домашните скијачки центри е помал отколку за оние во соседството како Банско, Боровец и Пампорово во Бугарија или Копаоник и Златибор во Србија. Секако, оние со подлабок џеб скијаат во европските скијачки центри.

Од туристичките агенции велат дека за разлика од минатата година, оваа сезона, цените за хотелско сместување во регионот се повисоки за 30 отсто. Копаоник и Златибор во Србија, како и Боровец и Банско во Бугарија, ги зголемија цените за 30 отсто, а тоа важи и за услугите.

Но, изненадуваат информациите од туристичките агенции од каде што велат дека поевтино сместување (од она во Србија и Бугарија) може да се најде во зимските туристички центри во Италија, Австрија и Франција, па затоа и има зголемен интерес за центри на пример како Вал Гардена во Италија и Валдизер во Франција.

Токму на планините на Италија, Франција, Швајцарија и Австрија, се наоѓаат некои од најдобрите скијачки центри во светот, пејсажите изгледаат спектакуларно. Што нудат овие извонредни скијачки центри во Европа?

# РЕГИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ СКИЈАЧКИ ЦЕНТРИ „РАСТУРААТ“ СО ТУРИСТИ И ПОКРАЈ ЗГОЛЕМЕНИТЕ ЦЕНИ, МАКЕДОНСКИТЕ СКИЈАЧКИ ЦЕНТРИ ТАПКААТ ВО МЕСТО



## ВАЛДИЗЕР, ФРАНЦИЈА

Валдизер и соседниот ски ресорт Тињ нудат 300 километри терен за скијање и е опслужен од повеќе од 150 ски-лифтови.

Најнискиот терен е на надморска височина од 1.550 метри, а највисокиот достигнува до 3.450 метри, што помага да се одржи сезоната отворена до мај. Има терен за сите нивоа на вештини, вклучувајќи падини за деца и почетници, а наставата за скијање овде е меѓу најдобрите.

Распоредот на лифтовите е многу погоден за скијачите, што ги поврзува скијачите со различни области. Самиот град е привлечен, без автомобили и познат по своите добри ресторани.

**Валдизер, Франција.**
*Извор: alpinium.co.uk*





**Шамони, Франција.**
*Извор: planetware.com*

## ШАМОНИ, ФРАНЦИЈА

Многумина сметаат дека Шамони е центар на светот на скијањето, како и одморалиште преку целата година. Шамони е навистина одморалиште во сенката на Мон Блан, кое нуди предизвикувачко скијање, жива атмосфера и разновидни активности надвор од падините. Со оглед на тоа што Мон Блан се издигнува во позадината, скијачите се привлечени од терените и глечерските пејсажи кои го одземаат здивот. Шамони стекна меѓународна слава како место на првите Зимски олимписки игри, слава која продолжи бидејќи има едни од најпредизвикувачките терени во светот.

# СКИЈАЊЕ ВО ИТАЛИЈА

Италија е дестинација која не треба да се занемари кога е скијањето во прашање. Миленик е на поискусните скијачи бидејќи има најголем број на стрмни и напорни патеки. Ски-центрите се претежно лоцирани во близина на француската граница на самиот север на земјата. Скијачката сезона трае од декември до април, бидејќи нивните скијачки центри се наоѓаат на надморска височина од над 2300 метри. Одлично подготвени патеки, хотели од сите категории. Голем број сончеви денови во кои погледот кон околината го одзема здивот. Сето ова е нешто што секоја година привлекува се поголем број туристи.

## ВАЛ ГАРДЕНА, ИТАЛИЈА

Вал Гардена, заедно со Селва Гардена (1.563 м.н.в.), Ортисеи (1.236 м.н.в.) и С. Кристино (1.418 м.н.в.), формираат светски познат скијачки регион. Оваа престижна долина е домаќин на годишната трка од Светскиот куп. Ски-центарот има одлична локација, бидејќи се наоѓа директно во системот Села Ронда. Ски-центарот се состои од два дела, Вал Гардена и Алпе ди Сиуси, поврзани со една ски карта и автобуска врска. Голем број дополнителни содржини, патеки за крос-кантри скијање на работ на Св. Кристин и Ортисеи и уеште многу објекти за секаков вид забава, рекреација и добра кујна.

**Вал Гардена, Италија.**
*Извор: planetware.com*



## КОРТИНА Д'АМПЕЦО, ИТАЛИЈА

Високо во италијанските Доломити, петте врвови на Чинкве Тори му обезбедуваат на градот Кортина д'Ампецо прекрасен амбиент, како и извонреден ски терен. Откако овде се одржаа Зимските олимписки игри во 1956 година, Кортина стана омиленото зимско одморалиште на џет-сетерите. Иако сега има многу поширока клиентела, сепак има продавници и места за забава што би ги очекувале од еден монденски европски ски-центар. Заедно со скијањето во спуст, Кортина нуди километарски живописни патеки за ски крос-кантри, патека за боб што е осветлена навечер и олимписко лизгалиште за лизгачи на мраз.

**Кортина д'Ампецо, Италија.**
*Извор: planetware.com*



## ЦЕРМАТ, ШВАЈЦАРИЈА

Имајќи го култниот белег на Матерхорн како позадина, Цермат и планинските падини зад него се на врвот на списокот на желби на повеќето скијачи.

Цермат е познат по своите долги патеки. Возењето на глечерот Матерхорн, кое беше отворено од сезоната 2019 година, е највисоката жичарница во светот и носи 2.000 скијачи на час до глечерот.

За да ја направат оваа огромна мрежа на патеки побезбедна и подостапна, скијачите можат да преземат бесплатна апликација, која користи ЏПС и се прилагодува на временските услови и условите за снег.

**Цермат, Швајцарија.**
*Извор: bucketlisttravels.com*



## СЕНТ МОРИЦ, ШВАЈЦАРИЈА

Бројот на светски скијачки натпревари кои биле домаќини во Сент Мориц треба да ви каже нешто за ова познато одморалиште - ова е скијање од светска класа. Исто така, има многу ски-терени и за неолимпијци. Сент Мориц е познат по своите долги средни патеки и други извонредни средни терени, а со повеќе од 20 лифтови за избор, ќе најдете падини и патеки за секое ниво на вештина. Сент Мориц е зимско одморалиште во кое има богата клиентела и посебен луксуз. Има многу работи што треба да се прават покрај скијањето: лизгање на мраз, тобоган, нордиско скијање, санкање со боб и скијање со змејови.

**Сент Мориц, Швајцарија.**
*Извор: journal.alpsandmeters.com*





Сент Антон, Австрија.
*Извор: planetware.com*

## СЕНТ АНТОН, АВСТРИЈА

Сент Антон е едно од најголемите светски скијачки центри во Австрија, а беше домаќин на бројни натпревари во скијање, вклучително и разни Светски првенства во алпско скијање и Светски купови во скијање. Сент Антон е место без автомобили и врева во текот на денот и доцна во ноќта. Околните падини нудат неверојатна разновидност. Опсежниот вештачки систем за вентилација на снег гарантира дека скијачката област е секогаш сигурна за снег. Покрај тоа што е еден од најдобрите скијачки центри во Австрија, Свети Антон има историјата - овде е една од првите жичарници на Алпите. Ова одморалиште заслужува секаква репутација како едно од најдобрите одморалишта, не само во Австрија, туку и во светот.

## ИНСБРУК, АВСТРИЈА

Можеби изгледа чудно да се вклучи градот во кој повеќето луѓе летаат за да стигнат до австриските Алпи меѓу скијачките центри на оваа листа. Но, во последниве години Инсбрук се појави како дестинација за скијање сама по себе. Оваа еволуција од транзитен центар до крајна дестинација дојде со воведувањето на Градската карта „Ski plus" во 2019 година - единствена ски-карта која нуди пристап до 13 од најблиските ски-области, како и до 22 музеи и други атракции во градот. Многуте ски-центри нудат нешто малку поинакво, од скијачките патеки за почетници на Мутералм, до познатите забавни паркови Норткет и Китаи.

Последните две, иако не се најголемите скијачки центри, и двете можат да се пофалат со сериозно предизвикувачки терен, а има и повеќе одлични можности надвор од патеката во Аксамер Лизум. Накратко, има по нешто за секој тип на скијачи низ Инсбрук.

Инсбрук, Австрија.
*Извор: mountvacation.co.uk*



# НА БАЛКАНОТ ГОДИНАВА ЦЕНИТЕ ПОСКАПИ ЗА 30 ПРОЦЕНТИ

## КОПАОНИК И ЗЛАТИБОР - ВО СРБИЈА

На Копаоник и Златибор се наоѓаат најпознатите скијачки центри во Србија. На Копаоник има скијачки патеки во должина од 43,5 километри приспособени за алпско и нордиско скијање. Ноќното скијање е достапно на патеките Панчичев врв, Караман Гребен и Мало езеро. Ски-лифтовите се со капацитет од 34.000 скијачи на час.

На Златибор скијачките патеки се од 1.110 до 1.490 метри надморска височина. Има патеки за алпско и нордиско скијање со вкупна должина од осум километри, како и богата понуда на сместувачки капацитети. Годинава интересот од земјава не е толку голем велат туристичките работници токму поради зголемувањето на цените за сместување и услуги.

## БАНСКО, БОРОВЕЦ И ПАМПОРОВО ВО БУГАРИЈА

Ресорти во Бугарија нудат задоволство за сите генерации. Но, годинава македонските туристи не ги посетуваат овие дестинации како порано, велат од туристичките агенции, затоа што и овде како и во Србија има зголемување на цените.

Боровец е сместен во северните делови на планината Рила, на надморска височина од 1350 метри. Ски патеките се прилагодени како за почетници така и за оние најискусните во овие спортови. Падините на Боровец се под снег најчесто од декември па се до април.

Банско е најголем зимски ресорт во Бугарија. Сместен во подножјето на планината Пирин – на само 150 километри од главниот град Софија. Зимскиот центар Банско е познат меѓу туристите како дестинација за скијање и бордање. Нај високата надморска височина на ски центарот е 2560 метри.



**Копаоник, Србија.**
*Извор: travelindependent.ru*



**Златибор, Србија.**
*Извор: Wellness-spa.rs*



**Боровец, Бугарија.**
*Извор: propertyshowrooms.com*



**Банско, Бугарија.**
*Извор: travelinsider.tips*



**Пампорово, Бугарија.**
*Извор: heroesofadventure.com*

Пампорово е на 240 километри од Софија. Тој е најсончев зимски центар во Бугарија со 285 сончеви денови годишно. Пампорово е препорачан ски центар од експертите како најсоодветен за почетници и искусни скијачи. Ски-патеките се со различно ниво на тежина – има патеки за професионални скијачи, како и за почетници. Постојат можности и за алпско скијање, ноќно скијање и крос-кантри скијање.

## ЈАХОРИНА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА Е ИЗБОР ЗА ОВАА СЕЗОНА

Босанскиот скијачки центар Јахорина оваа година е топ избор. Според информациите од туристичките агенции тој е далеку поевтин од српските и од бугарските центри. Таму дводневниот, тридневниот и петдневниот хотелски престој е врзан со поевтин ски-пас, што е повод голем број скијачи да ја изберат токму оваа дестинација. Зголемен интерес можеби има и поволноста  за скијачите од земјава кои имаат купен ски-билет во Маврово. Истиот билет важи во двата ски-центра, односно секој што ќе купи ски-пас од „Ресорт Маврово“, бесплатно може да скија 2 дена во „Олимписки центар Јахорина“.



**Јахорина, Босна и Херцеговина.**
*Извор: booking.com*

Скијачкиот центар Јахорина се наоѓа на 34 километри од Сараево или на околу 45 минути возење од главниот град на БиХ. Скијачките патеки се на висина од 1.300 до 1.890 метри. За алпско скијање се долги 47 километри, а оние за нордиско трчање десет километри.



**Колашин, Црна Гора.**
*Извор: twitter*

## КОЛАШИН ВО ЦРНА ГОРА

Колашин, планински град во Црна Гора на околу 85 километри оддалеченост од Подгорица, е местото каде се собираат скијачите од Црна Гора. „Колашин 1600“ е најпознатиот скијачки центар кој има патеки долги 10,5 километри. Се планира тука да се направи комплекс во кој ќе има над 200 патеки за скијање долги вкупно 45 километри, околу 50 жичарници и дваесетина сместувачки капацитети.

## ВО КОСОВО Е БРЕЗОВИЦА, А ВО АЛБАНИЈА ДАРДА

Ски центарот Дарда во реонот на Корча е најпознатото место меѓу љубителите на скијањето во Албанија уште од 1920 година. Се наоѓа на надморска височина од 1.400 метри, меѓу високи шуми од бука и бор. Патеката за скијање е долга 1,3 километри, а постојат и два ски лифта. Освен за скијање Дарда е популарно место и за планинарење и кампирање.

Косово може да се пофали со ски центарот Брезовица основан во 1954 година. Во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век на Брезовица се одржаа многу скијачки натпревари, а во 1984 година служеше како алтернативен центар за олимписките игри во Сараево. Патеките за скијање и сноуборд на Брезовица се долги 16,5 километри.

**Дарда, Албанија.**
*Извор: visitalbania.app*



**Брезовица, Косово.**
*Извор: wikipedia*



## МАКЕДОНСКИТЕ ТУРИСТИЧКИ ЦЕНТРИ ТАПКААТ ВО МЕСТО

Домашните скијачки центри се стандард, ништо не се менува, ниту на подобро, ниту на полошо. Маврово, Попова Шапка, Крушево, Пелистер, Кожуф, Пониква повеќе се дестинации за дневна или викенд посета.

Ски-центарот Маврово на планината Бистра, кој постои повеќе од 50 години е на нешто повеќе од 100 километри од Скопје нуди ски патеки за алпско и нордиско скијање во должина од 30 километри. И покрај сите недостатоци, Маврото останува хит скијачка дестинација за македонските граѓани.

Попова Шапка на Шар Планина е една од главните зимски дестинации во Македонија. Ски патеките започнуваат на висина од околу 1.700 метри и се поврзани со жичарници и ски лифтови. Должината на скијачките патеки е околу 10 километри, но почетници можат да скијаат и на дел од необележаниот терен. Сезоната во овој центар најчесто трае од декември до крајот на март.

Иако во тек е зимската сезона, сè уште нема никакви активности од најавените инвестиции на италијанската компанија Техно Алпин која според властите уште изминатава пролет требаше да инвестира на Попова Шапка.

**Попова Шапка, Македонија.**
*Извор: wikipedia*






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC